**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 2 март 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број еден), со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и сонеа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, продолжуваме со работа по 25-та седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 25 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Почитувани дами и господа, ве потсетувам дека го заклучив претресот по Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

60 пратеници гласаа "за", 2 се "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за именување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон.

Ве потсетувам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон. Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, ова јавување, стои на екранот од точката 25.

Јас ќе ве замолам кога по одредени точки на дневен ред го менувате редоследот, без тоа да го соопштите така наеднаш, да побарате елементарна согласност од пратеничките групи, или од нас присутните во салата, да преминеме наместо на петта, на 25-та точка, па сега да се вратиме на петта. Затоа што ние се водиме по она што вие сте ни го доставиле како дневен ред, петта точка, па натаму до 25-та. Со вакво преминување и кај нас внесувате забуна и после немојте да се чудите што ни кажувате: гласате, не гласате, внимавајте, не внимавајте, затоа што за да се внимава елементарно е да одиме по точките, како што вие сте ги предложиле на дневниот ред.

Вака е навистина невозможно да се работи. Ние сите како пратеници се спремаме да работиме по точките по дневниот ред. Нашата пратеничка група си прави договор кој по која точка кога ќе настапи, со каков став и ако вие вака ги мешате 25-та, па петта, па 9-та, и т.н., станува прилично невозможно ние тоа да го следиме. Ние не сме процесорски чипови, за да тоа така го правиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Поповски, сакам да ве потсетам дека за 25-тата точка ние гласавме да оди понапред и како што беше и тука прекинавме, бидејќи немавме кворум.

Тогаш Статутот не го изгласавме. Беше прекината расправата и таа си го зазеде тоа свое место. А оваа точка беше одложена за шумите, ако се сеќавате, бидејќи немаше претставник. И затоа мислам ја ставивме денеска на оваа седница. Мислам не се работи за некое процедурално мешање, туку сакам да ве потсетам, помина доста време. Според тоа, да продолжиме со работа.

Отворам претрес по Предлогот на законот за водите.

Дали некој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман со иста содржина со амандманот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и по него нема да водиме претрес, бидејќи амандманот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го прифати претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа "за", 5 се "воздржани" и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за водите.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Ве потсетувам дека го заклучив општиот претрес по Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Дали има претставник на Владата? Нема.

Според тоа, се одлага и оваа точка од дневниот ред.

Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за Јавното обвинителство.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието на РМ, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Кој бара збор? Никој.

Дали има претставник на Владата? Нема.

Според тоа, се одлага и оваа точка од дневниот ред.

Минуваме на точката 24 - Извештај на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на Република Македонија, за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана. Архив на Македонија, Македонска академија на науките и уметностите и Републичкиот завод за судски вештачења во периодот од 8 јануари 1991 до 19 ноември 1998 година.

Извештајот ви е доставен. Отворам претрес.

Ви напоменувам дека, некои од пропратните материјали кои Ви беа доставени, во врска со извештајот на Анкетната комисија, се од строго доверлив карактер и Ве молам тоа да го имате во предвид.

За збор се јави госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, согласно член 295 од Постојниот Деловник за работа на ова Собрание, претседателот на Собранието е должен да им го прати материјалот кој што се гледа на седницата, на пратениците во рок од 30 дена, односно најмалку 15 дена доколку не се работи за сложен, или обемен закон. Ние денеска не гледаме обемен закон. Меѓутоа немаме можност да бидеме сите членови на оваа Анкетна комисија. Добивме барем лично јас, верувам и грото пратеници 15 минути, или 20 пред почетокот на седница материјал, кој што е 200 страници. Јас лично не сум во можност да го прочитам, ниту се чувствувам способна да можам да дискутирам за една ваква сериозна тема.

Втора дилема што се наметнува што пред да се постави на дневен ред, исто така ќе треба да се расчисти е дознаката строго доверливо, односно називот државна тајна. Еден добар дел од податоците, зборувам за претходните што ги имавме, ги добивме под иста таква назнака, беа веќе 80 или 90% присутни во средствата за јавно информирање, се разбира под назнаката се шпекулира, или се говори.

Како и на кој начин ќе може да се зборува на отворена седница на Собрание за работи кои се назначени под називот државна тајна и тоа треба да се расчисти, меѓутоа прво за ова за што Ви спомнав, што е деловничка одредба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакам да Ве потсетам, почитувани пратеници дека истиов овој материјал, нема ни еден дополнителен материјал, истиот овој материјал Вие го добивте некаде во мај или јуни, кога го имавте истиот тој материјал и тогаш требаше да го вратите, кога ние ја закажавме седницата, што требаше да се одржи некаде на почетокот на јули, кога се прекина поради немање на кворум.

Повеќе пратеници и шефови на пратенички групи побараа да ги имаат овие материјали за да ги освежат некои сознанија, бидејќи не се работи за ков материјал, Тоа е истиот тој материјал. Јас сметав дека е потребно да Ви се подели и да го имате пред Вас тој материјал што тогаш го имавте, го погледнавте, се подготвивте и го вративте. Други материјали овде нема. Значи

процедурално не сум направил никаква грешка. Дополнителни материјали немате. Исти се тие материјали.

Што се однесува до тајноста тоа е побарано од самите министерства и јас така ги имам означено.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г-дине претседателе јас ја дозволувам можноста еден дел од материјалите да сум ги заборавила, а верувајте ги следам, колку што успевам. Меѓутоа, сепак има и нови елементи. Воопшто не се работи за стариот материјал, бидејќи набавките во Министерството за одбрана, тогаш беа присутни.

Меѓутоа овде имаме и за други набавки. Јас не знам дали другите пратеници ќе се согласат, меѓутоа овде има и нов материјал, што јас тогаш не сум имала можност да го прочитам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не сакам да се убедуваме.

Јас тврдам дека нема нов материјал. Ни еден нов материјал нема.

Истите материјали се, само се дадени повторно на увид, затоа што се работи за податоци и помина одреден период, за да се освежат тие податоци. Ништо повеќе!

Според тоа ние можеме денес да расправаме.

Ако некој има уште процедурално прашање, повелете.

Јас најнапред би му дал збор на претседателот на Комисијата, г-динот Чедомир Петров.

Процедурално сака да се обрати г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Во име на пратеничката група на ДПА, барам еден час пауза за дополнителни консултации за оваа точка од дневниот ред, Ве молам да ми го удоволите ова барање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално, има право на пауза.

Според тоа давам еден час пауза.

Процедурално сака да се обрати г-динот Петров.

**ЧЕДОМИР ПЕТРОВ:**

Јас предлагам Извештајот да го изнесеме, па пота да побараме пауза, односно да се дозволи пауза од еден час, бидејќи по основ на Извештајот ќе можат да се направат и одредени консултации што треба да ги направат пратеничките групи.

Мислам дека треба да одиме прво со Извештајот, а потоа да дадеме пауза од еден час, доколку не смета.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Дика дали ја прифаќате сугестијата.

**ЗАМИР ДИКА:**

Се согласувам со предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде г-дине претседателе ги набројвте институциите, во кои Анкетната комисија извршила увид, нека дојдат и претставници на тие институции овде, да знаеме за што расправаме, кога ќе продолжиме со работа по паузата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ги поканив тие институции.

Ги поканив и Министерството за внатрешни работи и Министерството за народна одбрана, знаат дека денес се расправа, испратени се покани.

Ќе направам уште еден дополнителен напор, кога ќе направиме пауза после излагањето на г-динот Петров, ќе ги повикам да дојдат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да дојдат денес ако можат, ако се зафатени пак, некој друг ден ќе расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако побараат друг ден, тогаш ќе Ви го изнесам нивниот став.

Г-динот Чедомир Кралевски, побара исто така да се изјасни процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Г-дине претседателе. мојата сугестија е само на зголемување на траењето на паузата, место еден час, да трае два часа. Инаку со другото се согласуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро предлагам пауза од два часа, се разбира после излагањето на г-динот Чедо Петров.

Процедурално Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на тоа што седницата, очигледно, продолжува со работа, па после тоа ќе има пауза, процедурално сакам, во име на пратеничката група на СДСМ, да расчистиме во врска со начинот на работа по оваа точка, бидејќи со излагањето на г-динот Петров, точката се отвара за работа.

Ние како пратеници имаме добиено

Извештај од Комисијата на седум страници и имаме добиено едно 300 страници строго доверлив материјал, со назнака државна тајна и со назнака строго доверливо. Тоа се тие два пакета. Извештајот е направен врз основа на овие строго доверливи и државно тајно дописи од МВР и од Министерството за одбрана, Комисијата ги користела доверливите материјали за да го состави извештајот и сега ни ги доставува на Вас.

Сакам да расчистиме, почнувајќи со првата воведна дискусија која е дел од расправата по точката, дали дискутантите и сите ние кои сакаме да учествуваме во оваа расправа, ќе расправаме за Извештајот или ќе ги имаме предвид документите доставени од државна тајна. Малку е не вообичаено и не возможно јас да зборувам за заклучок од три реда, кој е поткрепен со 200 страници државна тајна, а да не ги допираме во дискусијата и аргументите кои ни се дадени од државна тајна. Така да би ве молел да расчистиме деловнички, дали ние всушност расправаме и за овие документи што Комисијата ни ги доставува, или тие не ги расправаме, со тоа што сакам да потсетам дека Комисијата по нив расправала.

И уште сакам да потсетам дека Комисијата сега ни ги доставува по службена и државна тајна, меѓутоа она дел од тие документи ги гледаше пред ТВ камери. Јас дома, на телевизија, имав прилика да слушам високи офицери на Министерството за одбрана како дискутираа пред камера и сега овој документ на нас ни се доставува под државна тајна.

Затоа би сакал тоа да го расчистиме, дали ова е државна тајна или не е. Ако е државна тајна, тогаш да го уредиме начинот на расправа по оваа точка на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас на почетокот напоменав дека Извештајот не е државна тајна, ниту е под строго доверливо, а сите материјали, спомнувањето, Ви реков на почетокот да внимавате, да не ги спомнувате материјалите во расправата, затоа што јас од министерствата добив дека тие имаат таков карактер и така ги третираме, двата материјали. Едниот е со државна тајна другиот е строго доверливо.

Јас сега предлагам ние да го ислушаме Извештајот, односно уводното излагање по Извештајот и во паузата од два часа ќе направиме во паузата од два часа, ќе направиме соодветна координација, ќе ги повикаме двата министри да дојдат, ќе поразговараме и ќе видиме каков е карактерот од материјалите и ќе видиме како ќе се води расправата. Но, ние денес да отвориме расправа, односно да го сослушаме уводното излагање по Извештајот, после ќе ја дадеме паузата што ја барате.

Има збор г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада.

Пред да почнам со Извештајот од Анкетната комисија само да кажам дека редовно на Комисијата беа повикувани претставници од соодветните министерства кои беа предмет на анкетирање, односно предмет на работа на Анкетната комисија.

Исто така, во врска со тајноста на документите, ние редовно, пред отпочнување на седницата на Комисијата баравме, дали овие документи што ги разработуваме остануваат под делот на деловна тајна, односно строго доверлив материјал, или може да одат на отворени седници. Во тоа време од министерот за внатрешни работи и од министерот за одбрана добивме одобрување за симнување на ознаката строго доверлив материјал. На тој начин Комисијата работеше отворено пред јавноста на РМ.

Што се однесува до доставувањето на севкупната документација, која беше предмет на работа на оваа Анкетна комисија, не е изводливо и не е можно, затоа што станува збор за обемен материјал што беше предмет на обработка на оваа комисија, меѓутоа сите пратенички групи имаа претставници, односно членови во Анкетната комисија кои имаа можност да имаат увид во оваа документација. Така да ниту една пратеничка група не беше оставена бес свој претставник.

Што се однесува до работата на Анкетната комисија и изготвувањето на овој материјал, ние како Анкетна комисија го завршивме и го предадовме на Собранието, односно на сите пратеници на 22 јули 1999 година. Со доставувањето на Извештајот беа доставени и материјалите кои што се опфатени со прилозите во материјалот, тоа се 8 прилози кои беа фотокопирани и доставени до Вас пратениците за да можете да ги погледнете.

Анкетната комисија за испитување на јавните набавки работеше во тој период, се до отпочнувањето на годишните одмори и во договор со сите членови на Анкетната комисија беше донесен став, во пред изборјето на претседателските избори и за време на претседателските избори,

Комисијата да не работи.

Согледувајќи ги барањата и тоа од опозицијата односно од СДСМ по Извештајот кој ми беше даден од координаторот на нашата пратеничка група, ние како Анкетна комисија одлучивме во тој период да не нанесеме штета при претседателските избори, на одредени кандидати кои што се и членови на Парламентот, одлучивме оваа комисија да не работи.

Една од причините, исто така Комисијата да не работи во тој период, беа и Новогодишните празници. Со тоа успеавме да го обработиме овој материјал.

Меѓутоа, материјалите се доставени од сите министерства и јавни претпријатија, кои што се предмет на анкетирање на Анкетната комисија, до сите членови на Анкетната комисија и мислам во одредениот период што го спомнавме, може да достави целокупен извештај. Анкетната комисија за овој период одлучи да доставува парцијални, односно извештаи по обработени субјекти, по министерства, како ќе бидат завршувани, со тоа што до крајот да се опфатат сите тие субјекти.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Анкетната комисија е основана со Одлука на Собранието на Република Македонија (Службен весник на РМ"број 61/98). Собранието на Република Македонија има донесено и две Одлуки за изменување и дополнување на оваа Одлука ("Службен весник на РМ" број 5/99 и 8/99).

Претседателот и членовите на Анкетната комисија исто така се утврдени со Одлука донесена од Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 63/98).

Задача на Анкетната комисија е да ги испита јавните набавки во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година. Кај корисниците и единките - корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на единиците на локалната самоуправа, од буџетите на републичките и општинските вон буџетски фондови, како и кај агенциите и јавите установи и други органи и организации основани од Републиката, кај јавните претпријатија и кај друштвата во сопственост на државата утврдени во член 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" број 26/98).

За остварување на оваа задача Анкетната комисија соработува со Владата на Република Македонија, министерствата, другите државни органи и Собранието на Република Македонија, кои што можат да придонесат за утврдување на состојбите.

Врз основа на наодите Анкетната комисија ќе изготви, и на Собранието ќе му достави Извештај со предлог на заклучоци.

Согласно овие задачи, Анкетната комисија на својата Прва седница одржана на 15 јануари 1999 година, врз основа на член 2 од Одлуката за основање на Анкетната комисија, донесе заклучок да побара од министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија, одговор на следните прашања:

1. Кои јавни набавки се извршени во периодот од 7 септември 1992 година до 19 ноември 1998 година, по години;

2. Обезбедувањето на средствата за набавките;

3. Спроведување на постапката на набавките;

4. Организирање на органите за спроведување на набавките;

5. Реализација на договорите;

6. Оформување на документацијата за извршените набавки и

7. Евиденција на извршените набавки.

На својата Втора седница одржана на 2 февруари 1999 година, Анкетната комисија донесе заклучок со кој се побара од министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија, да достават одговори на напред наведените прашања и за периодот од 8 јануари 1991 година до 7 септември 1992 година.

Анкетната комисија на 18 март 1999 година со свој допис се обрати до јавните претпријатија и други субјекти утврдени во член 1 од Законот за јавните набавки, при што побара од нив за периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година, до Анкетната комисија да достават Информација за извршените јавни набавки, при што посебно да ги посочат предметите кај кои што постои сомневање за пречекорување на овластувањата и злоупотреби во јавните набавки.

Бидејќи согласно Одлуката за основање, Анкетната комисија има задача да ги испита јавните набавки кај голем број субјекти, а и периодот кој што е опфатен за испитување на јавните набавки е долг (од 8 јануари 1991 до 19 ноември 1998 година), Анкетната комисија заклучи за одделните субјекти кај кои што ќе го заврши

испитувањето на јавните набавки, за нив да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави поединачни извештаи, по оној редослед по кој што истите ќе бидат разгледувани и утврдувани на седниците на Анкетната комисија.

Поаѓајќи од тоа Анкетната комисија го доставува Извештајот за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архив на Македонија, Македонска академија на науките и уметностите и Републички завод за судски вештачења, во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година во Министерството за внатрешни работи во периодот од 8 јануари 1991 до 19 ноември 1998 година.

Прво испитан субјект беше Министерството за внатрешни работи.

Од Министерството за внатрешни работи беа добиени материјали кои што се разработија и разгледаа на неколку продолженија на Четвртата седница на Анкетната комисија, при што се издвоија неколку извршени набавки во ова Министерство, кои што беа од интерес за работата на Анкетната комисија.

За овие извршени набавки со пратка со строго доверлив број 07-17/3 од 13 мај 1999 година, до пратениците е доставен Извод од Извештајот на Комисијата за испитување на јавните набавки на Министерството за внатрешни работи, и тоа за:

1. Опремување и реновирање на гостинската вила на МВР; доставен под прилог бр. 1

2. Идејни решенија - прилог бр. 2

3. Набавка на наочари - прилог бр. 3

4. Спонзорства - прилог бр. 4

5. Оклопни транспортери - прилог бр. 5

6. Преводи - прилог бр. 6

7. Слики и скулптури - прилог бр. 7

8. Набавка на обрасци - прилог бр. 8

По однос на преводите и набавката на обрасци, Анкетната комисија побара и доби Информација и Вештачење од Републичкиот завод за судски вештачења, кој материјал Ви е доставен.

Анкетната комисија при разгледувањето на материјалите добиени од МВР, кај некои од нив констатира отстапување од пропишаната постапка за јавни набавки, во однос на законската регулатива за соодветниот период, при што има сомнение за пречекорување на овластувањата, злоупотреба на службената положба и друго.

Поаѓајќи од тоа Анкетната комисија ги предлага следните предлог заклучоци:

1. Во периодот од 8 јануари 1991 година до донесување на Уредбата за јавни набавки од 2 декември 1996 година постои законска регулатива од стариот систем.

На 12 јуни 1998 година е донесен Закон за јавни набавки кој и денес е во сила.

2. Во периодот кој што е разгледуван од Анкетната комисија во Министерството за внатрешни работи, јавните набавки биле воглавном засновани на монопол без конкуренција, односно на набавки по пат на директна спогодба без јавен повик, без прибирање на повеќе понуди, што укажува дека не постои јавност во набавките во најголем број случаи.

3. Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на поранешниот министер Љубомир Фрчковски и тоа конкретно кај следните предмети, кои беа предмет на анализа на Комисијата: преводи на разни материјали, разни спонзорства, набавка на обрасци, опремување на гостинската вила на МВР и набавка на оклопни транспортери.

4. Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на поранешниот министер Томислав Чокревски и тоа конкретно кај следните предмети, кои што беа предмет на анализа на Анкетната комисија: набавка на обрасци и разни спонзорства.

5. Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на поранешниот помошник министер за финансии во Министерството за внатрешни работи Славко Саздов и тоа конкретно кај следните предмети: набавка на обрасци и опремување на гостинската вила на МВР.

6. Овој Извештај со предложените заклучоци, Собранието на Република Македонија да ги достави до надлежните правосудни органи на Република Македонија.

Извештајот и предложените заклучоци по испитаните јавни набавки во

Министерството за внатрешни работи, Анкетната комисија ги утврди со 8 гласа "за" и три гласа "воздржани".

Втор субјект за анкетирање беше Министерството за одбрана.

Од Министерството за одбрана беа доставени материјали кои што се разработија и разгледаа на неколку продолженија на Петата седница на Анкетната комисија, при што посебно беа разгледани следните материјали:

1. Записник број 16-322/5 од 30.03.1999 година за извршениот инспекциски надзор во Секторот за логистика - Органот за набавки, работи и услуги во Министерството за одбрана;

2. Записник број 16-322/6 од 30.03.1999 година за извршениот надзор на материјално - финансиско работење во Секторот за финансиско работење;

3. Записник број 16-322/7 од 30.03.1999 година за извршениот инспекциски надзор во Станбениот орган при Гарнизон - Скопје, Одделението за градежно обезбедување и станбени работи и Установата за одржување и изградба на воени објекти;

4. Записник број 16-322/3 од 25.03.1999 година за извршениот инспекциски надзор на материјално - финансиското работење во Центарот на воено здравствените установи на Министерството за одбрана;

5. Записник број 03-649/1 од 15.04.1999 година за извршениот инспекциски надзор на постапката за склучување на Договорот број 83/1 од 01.10.1998 година и неговата реализација.

Овие материјали до пратениците се доставени со пратка со строго доверлив број 07-20/2 од 19 јули 1999 година.

Анкетната комисија кај многу од разгледуваните материјали констатираа отстапувања од пропишаната постапка за јавни набавки, во однос на законската регулатива што ја регулира оваа материја во соодветниот период, при што има сомнение за пречекорување на овластувањата и злоупотреба на службената положба.

Поаѓајќи од тоа Анкетната комисија ги предлага следните предлог заклучоци:

1. Во периодот од 8 јануари 1991 година до донесување на Уредбата за јавни набавки од 2 декември 1996 година, постои законска регулатива од стариот систем т.е. во важност е Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат, ("Службен весник број 41/85).

2. Во периодот кој што е разгледуван од Анкетната комисија во Министерството за одбрана јавните набавки биле воглавно засновани на монопол без конкуренција, односно на набавки по пат на директна спогодба без јавен повик, без прибирање на повеќе понуди, што укажува дека не постои јавност во набавките во најголем број случаи.

3. Постои сомнение за појава на ненаменско користење на буџетските средства.

4. Постои сомнение дека голем број на набавки се вршени без отворање на предмет за набавка, а по завршување на набавките се оформувани документи т.е. се комплетирани предметите за набавки.

5. Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и пречекорување на овластувањата од страна на поранешните министри и други носители на функции во Министерството за одбрана во анкетираниот
период и тоа: Лазар Китаноски, Владо Поповски, Благој Ханџиски, Алекса Стаменковски, Миланчо Успрцов, Филип Котели и Даница Џутеска.

6. Овој Извештај со предложените заклучоци Собранието на Република Македонија да ги достави до надлежните правосудни органи на Република Македонија.

Извештајот и предложените заклучоци по испитаните јавни набавки во Министерството за одбрана, Анкетната комисија ги утврди со 6 гласа "за" и 1 глас "воздржан".

Третиот субјект што беше анкетиран од Анкетната комисија беше Архивот на Македонија. Од Архивот на Македонија беа добиени материјали кои што се разгледаа на Шестата седница на Анкетната комисија.

Анкетната комисија врз основа на материјалите констатира дека постапката за јавните набавки е во согласност со важечките прописи за соодветниот период и нема пречекорување на овластувањата. При тоа средствата се користени наменски и нема пречекорување на износите на одобрените средства.

Македонската академија на науките и уметностите е четвртиот субјект што беше анкетиран. Доставените материјали од Македонската академија на науките и уметностите. Анкетната комисија ги разгледа на Шестата седница, при што констатира дека јавните набавки се вршеле во согласност со важечките прописи за соодветниот период и средствата се користеле наменски и нема пречекорување на овластувањата.

Кај Републичкиот завод за судски вештачења, на Шестата седница Анкетната комисија ги разгледа и материјалите од Републичкиот завод за судски вештачења и констатира дека во јавните набавки во периодот од 1991 до 1996 година, јавните набавки се вршени согласно важечките прописи преку единствената редовна сметка и секогаш со одлука на директорот.

Во истиот период одредени помали набавки за Заводот се вршени од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од месец јуни 1996 година во Заводот е формирана Комисија за јавни набавки и јавните набавки се вршени во постапка и на начин согласно одредбите на Законот за јавните набавки.

Анкетната комисија констатира дека нема пречекорување на овластувањето кај јавните набавки во Заводот и дека средствата се користени наменски.

Анкетната комисија врз основа на материјалите од Архивот на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и Републичкиот завод за судски вештачења, ги предлага следните предлог заклучоци:

1. Во периодот од 8 јануари 1991 година до донесување на Уредбата за јавни набавки од 2 декември 1996 година постои законска регулатива од стариот систем.

На 12 јуни 1998 година е донесен Закон за јавни набавки, кој што и денес е во сила.

2. Во периодот кој што е разгледуван од Анкетната комисија (8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година), јавните набавки во Архивот на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и Републичкиот завод за судски вештачења, се вршени во согласност со законската регулатива за соодветниот период.

Извештајот и предложените заклучоци по испитаните јавни набавки во Архивот на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и Републичкиот завод за судски вештачења, Анкетната комисија ги усвои едногласно, односно сите шест присутни пратеници на седницата гласаа "за".

Анкетната комисија му предлага на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Извештајот на Анкетната Комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на Република Македонија, за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архив на Македонија, Македонска академија на науките и уметностите и Републички завод за судски вештачења, во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година, заедно со предложените заклучоци содржани во него, и да го достави до надлежните правосудни органи на Република Македонија. Благодарам.

Ако ми дозволите претседателе, би поставил само уште едно прашање, бидејќи е предложена пауза, до колку може да се подготват одговори и за следното прашање.

Овие материјали и овие предмети беа разговарани и обелоденети и во јавноста на Република Македонија, со што цениме дека одредени постапки веќе требаа да бидат покренати, не чекајќи ги заклучоците од Собранието на Република Македонија.

Поставувам прашање дали имаме информација до каде е по овие предмети, дали по конкретно нешто е преземано или не?

Доколку може некој денеска да одговори, претставниците од власта да ни одговорат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Чедо Петров.

Сакам да ве известам г. пратеници дека јас добив Информација од страна на јавниот обвинител г. Ставре Џиков.

Ако сте заинтересирани, во паузата ќе Ви биде, со назнака строго доверливо доставено, така што ќе можете да ја разгледате.

Дали се согласувате?

Господинот Краљевски побара збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господине претседателе, се согласуваме со сугестијата да ни бидат поделени материјалите што сте ги добиле на ваша адреса, па предлагам паузата од два часа да започне да тече од моментот на поделбата на материјалите, дополнително поделените материјали.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, се прифаќа.

Тогаш, оној момент кога ќе биде поделен материјалот...

Господине Карангелевски, повелете, Вие баравте збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Во иста смисла сакав да предложам за да не губиме време на пауза, да ги добиеме тие материјали што ги имате добиено под назнака доверливо, како што рековте, да не правиме дупли паузи и во тие два часа да ги погледаме и тие материјали.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, само после оваа пауза друга пауза ќе нема.

Затоа овие 2 - 2,5 часа искористете ја за да може понатаму континуирано да работиме.

Ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме по паузата.

(Седницата прекина со работа во 12,30 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,45 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, имаме кворум во салата и можеме да продолжиме со расправата по Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки во Собранието на Република Македонија, за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архивот на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и Републичкиот завод за судски вештачење во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година.

Извештајот Ви е доставен.

Во меѓувреме, се расчисти и прашањето околу карактерот на материјалите што ги добивте. Според тоа, симнат е степенот на доверливост и од Министерството за одбрана и од Министерството за внатрешни работи.

Пред да отворам претрес, сакам да ви напомнам дека би требало во расправата да се држиме за она што е дел на констатации на нашата Анкетна комисија и во тој дух мислам дека ќе дадеме еден конструктивен прилог и седницата ќе се води така како што би требало, да има еден нормален тек.

Според тоа, отворам претрес по извештајот на Анкетната комисија, Процедурално побара збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ќе ве замолам, господине претседателе, да не ме прекинувате, затоа што јас лично барам начин цело време да се дообјаснам до крај, во врска со белешката што ја поделивте. (Повеќе пратеници реагираат во салата).

Да, процедурално е, јас пак ќе се јавам процедурално, затоа ќе ми дозволите до крај да го кажам тоа што го сакам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам белешката не е на дневен ред, исклучете го Ве молам.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Како прво, мислам дека е ставена една Комисија во погрешен контекст, односно тоа што го кажавте дека оваа работа што е изведена е во врска со решението на Комисијата, од самата белешка се гледа дека не е така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Таири не е тоа.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

И барам од Вас да ја повлечете белешката и да направите нова, во која ќе кажете точно дека за оваа работа што е извршена претседателството на Собранието формирало посебна комисија, која нема врска со пратениците и дека тоа е ваша лична работа. Доколку не е така, јас ќе барам посебно објаснување зошто е ставено моето име во контекст на една работа, која нема врска со Комисијата која дотогаш работела.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Таири, поднесете го тоа во писмена форма и ќе ви се каже кога, зошто и како е направено.

Ќе ве молам, тоа не е денес на дневен ред.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Сепак барам да се повлече оваа информација како не веродостојна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тоа е ваше барање, ќе го разгледаме на наредната седница, а сега имаме друго за расправа.

Отворам претрес по Извештајот на Анкетната комисија, за испитување на јавните набавки.

Процедурално за збор се јави господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Мислам дека е добро што се симна ембаргото на користењето,-бидејќи најголем дел од материјалите не претставуваат некои сериозни нешта по безбедноста на Република Македонија, освен едно прашање, околу комуникациски средства, не кажувам што, како и кој тип, бидејќи тие се дел од планот за одбрана ка Република Македонија. Како такви не е можно да се симнат од ембарго за јавност, затоа што потписник на планот за одбрана е претседателот на Република Македонија. Очигледно министерот Кљусев не ги познава добро прописите.

Ве молам во интерес на државниот интерес, тој дел или да се симне како извештај на Комисијата или да се повлече во тој дел забраната за ембарго, а можеме да дискутираме дали имало евентуални махинации околу тие средства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да ве известам дека јас контактирав со министерот Кљусев и ја пренесов нашата дилема дали ќе остане при тој карактер на материјали, односно како што го доставија.

Тој рече дека може да се симне и во писмена форма, не извести дека ги ослободува и неговото мислење јас Ви го доставив и во писмена форма.

Исто така, и од Министерството за внатрешни работи добив известување дека го симнуваат карактерот на строго доверливо од материјалите и дека тие можат да се користат.

Според тоа, за мене тоа се документи од две институции што ги доставија, а сега какви последици ќе има и за кого јас не можам овде да проценувам.

Го ценам и Вашето мислење што го кажавте, можеби тоа е така, но во оваа ситуација имаме добиено од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана, тие го симнаа степенот на доверливост, можат да се користат во оваа расправа.

Продолжуваме со расправата.

Процедурално, за збор се јави господинот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Процедурално се јавувам за збор.

Не може од говорницата да се реагира процедурално и да се потенцира дека министерот Кљусев не ја познава работата, бидејќи спомената опрема за телекомуникации не била позната ниту на началниците на Секторот за набљудување и известување, телекомуникации и крипто заштита, што ќе признаете дека тоа е еден од главните сектори што треба да работи со таа проблематика, односно во планот за одбрана не се предвидени такви средства.

Исто така, бидејќи тоа се средства за врски, треба да се потенцира дека и началникот за врски при Генералштабот на Република Македонија, исто така апсолутно не бил запознат со целата таа проблематика, така што не можеме да  се повикуваме на не знаењето на господинот министер, за да не се симне забраната од овие уреди.

Патем речено, дека Анкетната комисија работеше во полна пареа, дури медиумите во Република Македонија веќе на ситно го имаат разглобено проблемот со тие телекомуникациски уреди и мислам дека барањето на господинот Китановски е беспредметно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално, за збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во однос на приговорот на господинот Китановски, дали Министерството можело да ја симне одлуката за забрана и да се работи за државна тајна, дека тоа требало да го направи претседателот на државата, ако таква забрана е ставена од неовластен, тогаш нема што сега да разговараме дали има овластен предлагач.

Со дилемата има - нема оној што прекршил нешто, пречекорил, се повлекол и тогаш се е вред,а приговорот не држи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски.

Повторно се јавува за збор, веројатно процедурално господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам на почетокот, немав намера, меѓутоа морам да објаснам некои работи.

Планот за одбрана е таен план, а овие средства се наменети и да се употребат

само во случај на агресија врз Република Македонија, доколку бидат прекинати сите други комуникации во Република Македонија. Тие се средства за врски меѓу претседателот на државата, како врховен командант, претседателот на Собранието, на Владата, министрите за внатрешни работи и за одбрана, командантите на корпусите. Значи, тие се активираат дури тогаш и затоа не им биле познати на многу луѓе и не треба да им бидат познати.

Второ, планот за одбрана е под надлежност на претседателот на Републиката, значи под цивилната контрола, а армискиот дел си има свој план кој во случај на војна се спојува, бидејќи е споена функцијата на цивилна контрола со врховниот командант кај претседателот на Републиката.

Затоа велам, не поставувајте прашања кои очигледно не ви се познати или погрешно ви се сервирани. Јас зборувам за државен интерес.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, по ова процедурално?

Јас лично мислам, бидејќи и министерот за одбрана е член на Советот за безбедност, тој веројатно оценил дека степенот на доверливоста е таков, што може да го ослободи материјалот од еден таков префикс, па според тоа, јас мислам дека нема пречка да расправаме, одговорноста е на тој што тоа го дозволил.

Господинот Талевски повторно бара збор процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Со оглед на претходната дискусија, мислам дека треба да се заблагодариме, затоа што самиот дискутант веќе го тргна степенот на доверливоста на тајната, затоа што кажа што е во прашање. Ние овде сигурно нема да навлегуваме во техничките и технолошките карактеристики на тие средства што се набавени, така што мислам дека е беспредметно веќе да дискутираме дали треба или не треба да го носи велот државна тајна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека го расчистивме тоа прашање.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, искрено јас очекувам многу конструктивна и одговорна расправа во однос на оваа точка и воопшто не ми е јасно зошто вака молкум се сака да се помине оваа многу важна точка од дневниот ред.

Според мене за ова прашање Собранието никако не може да најде сили да го разјасни, а тоа е прашањето откако е формирана оваа комисија, односно откако беше на дневен ред прашањето за формирање Анкетна комисија за јавни набавки, тогаш беше дискутабилно дали треба или не треба да се формира таква комисија.

Имено, мислењата се однесуваа на толкувањата на Уставот, дали воопшто треба да се формира Анкетна комисија, кога практично носителите или поранешните носители на јавни функции, поранешни членови на Влада веќе не се носители на јавни функции и како такви практично не сносат никаква политичка одговорност.

Затоа, по логично беа доминантни мислења, по логично е воопшто да не се формира таква комисија, иако мнозинството го направи тоа што го направи. Сеуште во Собранието до крај не е разјаснето ова прашање, и не само во однос на Анкетните комисии, туку и во однос на делот на Уставот на сите други механизми кои се однесуваат на контролата врз работата на извршната власт. Тие се: Анкетните комисии, Интерпелациите, пратеничките прашања и т.н.

Пред две седници тука, исто така на дневен ред беа Интерпелации на двајца членови на Влада, за министерот за образование и за министерот за култура. Кога Интерпелацијата стигна тука пред пратениците, тие веќе не беа носители на јавни функции, односно барем не ги водеа тие ресори што ги водеа, а од истото ова Собрание беше констатирано дека Интерпелациите се беспредметни, од причина што членот 72 на Уставот предвидува политичка одговорност, а тоа прашање е апсорбирано со самиот факт што тие функционери, односно членови на Влада, веќе не се носители на тие функции кои ги вршеа, за кои прашања се поднесоа Интерпелации.

Јас и тогаш стоев на мислење дека, без оглед на тоа што министрите за кои беше покрената Интерпелација веќе не се членови, односно веќе не ги водат ресорите кои дотогаш ги водеа, без оглед на тоа би требало да се расправа од самиот факт што членот 72

на Уставот предвидува, односно децидно наведува дека за работата на членовите на Влада или на друг јавен функционер, значи внимавајте, за работата, прашањето не е поврзано за личноста на членот на Владата, или друг носител на јавна функција, туку е поврзано за работата, за дејноста, за објектот а не за субјектот. Јас тогаш бев на став, без оглед на тоа што тие не ги вршат тие функции, треба да се расправам со самиот факт, од самата причина што би требало јавно да се констатира своевидна политичка одговорност, иако таа политичка одговорност не значи само сменување од некоја функција, туку тоа има своја основа врз база на информирање на јавноста, што значи дека таа јавност ќе се информира за пропустите на тој член на Владата или носител на јавна функција, за да може во иднина да се забележи да не го изберат на некоја друга јавна функција.

Значи, тоа е превентивна политичка одговорност, без оглед на тоа дали носителот на јавна функција во моментот врши таква функција или не. За овој став дури консултирав и други експерти, кои се ценети како уважени експерти во однос на политичкиот систем и верувајте дека тие ми дале за право, без оглед на тоа што носителите на јавни функции или членови на Влада кои веќе не вршат таква дејност, Парламентот би требало да расправа за тие прашања.

Сега моментално што имаме? Пред јавноста мораме да признаеме дека не одговорно како Собрание дејствуваме врз основа на два аршини. Значи, се формира анкетна комисија за личности кои веќе не се носители на јавна функција, за која ќе биде поведена политичка одговорност, а од друга страна не се расправа за интерпелацијата, која исто така е институција на контрола на Собранието врз работата на извршната власт, со образложение дека тоа е беспредметно, дека тие веќе не вршат таква работа.

Мислам дека секому е јасно дека драстично ги прекршуваме основните правила не само моралните и политичките, туку и уставните, затоа што дејствуваме врз основа на два аршини.

Од сето ова, од ова што расправаме или не знам дали ќе расправаме, ќе се види понатаму, се гледа односно според мое убедување тука се работи за политички маркетинг, за не принципиелно однесување и за прекршување на основните норми на Уставот на Република Македонија. Сето ова изгледа се прави од политички причини, за политички маркетинг и за политички цели. Како такви јас не можам да ги прифатам, ниту имам право да ги прифатам и верувам дека секој кој има минимална морална одговорност пред се пред себе си, веројатно така и ќе го прифати. Уште повеќе, дали зад оваа да та наречам акција стои структура која според некои официјални западни кругови е шест пати повеќе корумпирана од минатата власт.

Тука постојат правосудни органи, а тие органи немаат никаква пречка да ја вршат својата дејност, никој нема политичка сила да ги спречи да ја вршат нивната работа и врз основа на сите докази кои ги имаат тие, според мене, треба да постапат според Законот и да оценуваат дали треба да покренуваат постапка, или не.

Од самиот факт, што се постапува врз основа на два аршина, јас мислам дека тоа е доста не принципиелно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали.

За збор се јави г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, уште од одамна, од времето на првиот Парламент, по донесувањето на Уставот на Република Македонија, беше наметнато прашањето, дали во суштина треба да постојат овие анкетни комисии, или не.

Иако во Уставот, кое што е уште во сила на Република Македонија, во член 76, дословно стои: "Собранието основа постојани и повремени работни тела. Собранието може да основа анкетни комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Предлог за основање на анкетна комисија, може да поднесат најмалку 20 пратеници".

"Последната алинеја, на анкетните комисии се основа за поведување постапка, за утврдување на одговорност, на носителите на јавни функции‟. Тука се завршува. Меѓутоа, од донесувањето на овој Устав на РМ, ние ова прашање за формирањето на анкетните комисии не го имаме регулирано на било каков начин. Ниту со посебен закон, туку тоа е ставено само во овој член.

Токму заради тоа, на оној што го правеше Уставот, оној што го припремаше Уставот, во тој миг, кога постоеше таквата власт им одговараше можеби еден ваков член, само за формално формирање на ваквите Анкетни комисии, без да имаат завршница и без да се видат крајните резултати.

Јас господата од оваа страна, ќе ги потсетам само од минатиот мандат, колку Анкетни комисии беа формирани и не беа завршени работите до крај и останаа денес непознати за целата јавност во Република Македонија.

Еве да ве потсетам, бидејќи јас сум од Битола на случајот со РЕК Битола. Со рушењето на косиот мост и со наше посебно инсистирање, тогаш како опозиција, да се формира Анкетна комисија, да се испита случајов во РЕК и да носат одговорност оние носители на јавните претпријатија, како што е Електростопанство на Македонија, како што е РЕК Битола, да сносат одредена одговорност. Судбината беше иста, како и на другите комисии што беа формирани во ова Собрание, од тогашниот состав. Во РЕК Битола, иако беше направена најголема материјална штета, беа проневерени толку парични средства за тој кос мост, што ние можеме да се фаќаме за глава, но до ден денес, таквата Анкетна комисија и на наше инсистирање ниту беше информирана, а требаше да биде претседател Трајан Мицевски, поранешен парламентарец во овој Парламент. Така да ви кажам дека голема епохипрокризијата, што претходниот говорник ја изрече на оваа говорница дека, во тоа време имало еден аршин во Анкетните комисии, а денес изнесуваат други нешта што немаат апсолутно врска со вистинската. Друго е прашањето, дали по заминувањето на еден министер, одреден носител на јавна функција со Интерпелација и т.н. Меѓутоа, оваа одговорност што треба да ја утврдат, според Уставот Анкетните комисии и таквите дела мислам дека не застаруваат според Законот и таквите личности треба да се најдат на одговорност, во рамките на она што значи институција на системот, каде што ќе се спроведе таа постапка и т.н.

На крајот, сакам да завршам, ако нешто во овој Устав не достига, јас мислам е по прашањето околу Анкетните комисии и во наредниот период, кога посебно ќе се занимаваме околу промени, доколку има измени и дополнувања на Уставот на Република Македонија, ние треба длабоко да се замислиме, дали тие Анкетни комисии треба да постојат и ако постојат, како и на кој начин, треба да го уредиме прашањето, околу нивното функционирање. Инаку, ние ќе се вртиме само во круг, треба, не треба да даваме празни толкувања на нештата, кога не се до крај недоречени.

Затоа, јас честопати и во Законот и во сите закони што ги носиме, инсистирам посебно, секој закон треба да биде јасен или недвосмислен, да не се даваат две, три или четири толкувања за еден член. Секој закон треба да биде јасен, разбирлив, спроведлив, а од тоа ќе зависи ефикасноста, колку тој закон се спроведува во практиката.

Во овој случај, преку Анкетните комисии ние ја имаме таа состојба и денеска со право, мислам дека можеме да отвориме материјална расправа и на крајот, договорноста што ќе престои оваа расправа, треба да го спроведат органите на оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Има збор г-дин пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, Парламентарната група на СДСМ, нема да гласа за усвојување на Извештајот на Анкетната комисија. Причината за тоа е што во него се содржани, кои не се во надлежност на Анкетната комисија, од една страна и од друга страна, има заклучоци, кои се во нејзината надлежност, но се целосно ирелевантни.

Од заклучоците, кои се во надлежност на оваа Комисија, но кои се целосно ирелевантни, на пример е Заклучокот број 1 од страница 3 од Извештајот, и идентичниот заклучок на страница 6 од овој Извештај, во кои Комисијата заклучува, дека на 12 јули 1998 година, бил донесен Законот за јавни набавки, кои што денес на сила. Тоа за жал, е единствениот точен заклучок на оваа Комисија.

Следните заклучоци, кои Комисијата му ги предлага на ова Собрание да ги усвои, заедно со Извештајот, почнуваат со зборовите: "Постои сомнение, и тоа неосновано сомнение, за злоупотреба на службена положба и овластувања од некои лица кои порано обавувале јавни функции".

Знаете што, во нормално уредените држави, како што мислам дека е и нашата, кога постои сомневање дека некој направил кривично дело, тогаш секој граѓанин може да побара покренување на постапка за утврдување на тоа кривично дело и да го повика јавниот обвинител да го испита тој случај. Тоа всушност не е ретка појава и кај нас.

Така на пример, пред неколку месеци еден професор по Кривично право, јавно го повика нашиот државен Јавен обвинител да покрене истрага против една јавна личност, заради основано сомнение дека направила кривично дело, затајување данок, при земање на провизија за политичко посредување од странска држава.

Некои новинари деновиве, јавно го повикаа Јавниот обвинител, да го испита случајот, во кој еден пратеник, во овој Парламент, се обвинува дека примил на негова сметка во Тирана повеќе од 1 милион марки од фирма на САД, за некакви услови. Има такви и во врска со некакво не легално финансирање на некои факти во Македонија од странство, а Јавниот обвинител исто така, нам на пратениците ни подели писмена информација, за делата, во однос на кои, само врз основа на пишувањето на весниците, по службена должност преземал дејствија за откривање на сторители на кривични дела. И до тука, работата е јасна.

Не е јасна зошто ние денеска, како пратеници во овој Законодавен дом, сме доведени во состојба, преку усвојување на овој Извештај, да донесеме колективен заклучок, дека постои сомневање за злоупотреба на службената белешка од некој граѓанин на Република Македонија. Таков заклучок, кај нас би бил релевантен, ако се однесува за функционер, избран од ова Собрание и заради што, ова Собрание од него може да побара политичка одговорност. Така пишува и во Уставот на Република Македонија. На ова укажавме и при формирањето на оваа Комисија. Така е според Уставот. Поделбата на власта, на законодавна, извршна и судска, а не нејзиното единство, како што тоа беше во комунизмот, се смета за значајно начело на демократијата.

Оттука, секој обид за претворање на Парламентот во судница или сведувањето на неговите пратеници на доушници, кои зборуваат или доставуваат материјали, до надлежните органи за некакви сомневања во однос на било кого, го деградира Парламентот и достоинството на секој од нас.

Ние како пратеници, можеме да прифатиме, предлог заклучок од Анкетната комисија, за утврдување на политичката одговорност на некои лица што ги избрало Собранието, заради утврдени неправилности во работењето од нивна страна. Се друго, е работа на други надлежни органи. Нему приличи на овој Парламент. Треба да знаеме, кога носиме такви одлуки, дека со секоја наша одлука, ја пишуваме и Историјата на Парламентаризмот во Македонија. И дека ова ќе остане во таа Историја, а еден ден, можеби некој луѓе и ќе се срамат од неа.

Почитувани пратеници, ова мое пледоае, не е насочено кон обесхрабрување на оние кои искрено сакаат Македонија да востанови ефикасен механизам за борба против политичката корупција, криминал и злоупотребата на службената положба и овластување. Напротив, ние нема да станеме правна држава, се додека секој што е блиску до власта и ништо друго Власта, не сфати дека законите под еднакво важат и за него.

Ве уверувам дека во тоа е името на целосната положба од СДСМ и од сите наши гласачи. Затоа учествувавме во изработката на Законот за спречување на корупцијата, во измените на Кривичниот закон, им дадовме на тие закони целосна поддршка во Парламентот.

За жал, Владата и Парламентарното мнозинство на партиите во овој Дом, кој ветуваат дека во рок од три месеци, по нивното доаѓање ќе донесат антикорупциско законодавство, ќе именуваат независен Јавен обвинител, бидејќи сегашниот го сметаат за зависен, дека под итно ќе воведат пракса на евидентирање на имотите на сите функционери, пред и по истекот на нивниот мандат. Од сето тоа, веројатно се се откажале, затоа што сега помина година ипол од Вашето владеење.

Почитувани колеги, ние од СДСМ, како и вие, кои сосема кратко време ја критикувавте власта, имаме потреба да се ослободиме од колективната вина на криминалот. Ние во Македонија сите, колку што не има, имаме потреба, преку разграничувањето на одговорноста за криминалот, да го убедиме овој народ дека, зборот "политичар", не е идентичен со зборот "криминал". Луѓето во политиката се ангажираат и за идеали, луѓето од политиката се жртвуваат и себе си, заради интересите на пошироките слоеви, а политиката од нив бара да бидат и образовани и елоквентни и способни за јавни настапи пред домашната и пред странската јавност, слободни да се изложат на Судот на јавноста и да ја поднесат критиката на таа јавност и одговорноста кога од нив тоа ќе се побара.

Оттука, многу е важно, да не дозволиме битката против криминалот да почне да се води на начин кој ќе ја дискредитираат самата цел. По мое длабоко убедување сега сме соочени со тој проблем. Сета приказна започна со формирањето на оваа Комисија, чии прв извештај го гледаме денеска. Таа Комисија, по моја оценка,

направи неколку грешки.

Прво, пред да го извести Собранието за своите наоди, таа започна со конференција за печат, на која нејзините членови јавно соопштуваат некакви не верифицирани наоди. Споменуваат имиња, јавно обвинуваа или ги повикуваа органите на прогонот да преземат некакви мерки, против наводните сторители на кривични дела.

Второ, иако оваа Комисија е задолжена за анализа на јавните набавки, таа самоволно си го прошири мандатот врз анализата на трошењето пари за нешта, кои секако не спаѓаат во јавни набавки, а оттука, во нејзиниот извештај се говори за спонзорства, преводи на книги и слични работи. Со оваа логика, може и би можеле да си го процени својот мандат до бескрај.

Трето, во настојувањето, да дојде што побрзо до нешта, кои ќе бидат спектакуларно на јавноста, таа ги има занемарено основното правило, за анкетирање на заинтересираните и ја имаат погрешно утврдено фактичката состојба и има донесено погрешни заклучоци.

Сето тоа, доведе до оправдано чувство кај опозицијата, дека цел на оваа Комисија, не е да се утврдат стапките околу можните злоупотреби од страна на бившите функционери, туку создавање на атмосфера на јавен линч, во која прва нејзина жртва ќе бидат политичките не истомисленици.

За жал, овој модел на однесување на власта во Македонија, стана манија, односно пракса од денот на формирањето на новата Влада.

Покрај членовите на Анкетната комисија, во овој процес на јавно демонтирање, поткажување или обвинување, беа вклучени определен број на министри, ново поставени директори на јавни претпријатија и државните медиуми, кои работат под диктатот на партиските комесари. Долго време по преземањето на власта, тие секој ден говореа за големи суми, што ги проневериле функционери од претходната власт, за поднесени кривични пријави, ги објавуваат фотографиите на сите функционери на насловните страници во нивните весници, во ист манир, како што се објавуваат потерниците по големите злосторници, а текстовите се исполнуваат со разни пикантерии, во врска со набавките на расипана храна за војници, или не набавката на панцири за граничарите, кои требаше да му сугерираат на народот дека се работи за бескрупулозни убијци.

По сите овие обвинувања кои траеја со месеци, власта нема направено некој исчекор на насока на судското кажување на вината на некои од нив. Напротив, таа формира нови комисии, кои излегуваат со истите обвинувања, против истите луѓе и го прави она што е нејзината вистинска цел. Треба сите тие луѓе да се држат со години под јавно обвинение, само да се оневозможат во нивната политичка активност, бидејќи ако Судот ги ослободи од обвиненијата, тогаш многумина од сегашната власт ќе треба да одговара за клевета и уривање на честа и достоинството на тие луѓе.

Немоќта на сопствените политички хајки, што ги организира оваа власт, против членови од опозицијата, таа се обиде да ја надокнади со примена на класичен полициско пропаганден терор, од страна на една популарно наречена политичка тројка на власта, составена од еден човек за државна контрола на јавните приходи, кои самиот тврди дека, за државата неговата приватна фирма која отиде во стечај и должела 200 илјади марки неплатен данок, потоа еден човек од задграничниот комитет на ВМРО ДПМНЕ во Хрватска, кој признава дека таму има сопствен имот од 1 милион марки, дека работата на државната безбедност ја знае, бидејќи таа служба долго време го следела.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Зборувајте за Анкетната комисија, за јавните набавки.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И од еден локален шериф од Штип.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе има можност и тие луѓе да се проконтролираат.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Кој апсеше не наоружани граѓани во Македонија, со помош на специјалните единици, со вперени автоматски пушки во главите на неговите најблиски.

Сето тоа го снимаа и го прикажуваат на телевизија, како врвна храброст и како доказ дека ќе се справат со криминалот во Македонија.

Интересен е изборот на фирмите. Тоа се правеше само во успешните, а на местото на осомничените директори, се донесуваа проверени кадри од партиите на власт.

Овие факти се констатирано во Извештајот на комисиите за човекови права и во Извештајот на Стеи Де Партментот, во Македонија.

Но и ова не го кажувам, почитувани пратеници, со цел да ги земам во заштита оние кои извршиле кривични дела. Интерес е и на мојата партија сите виновници да се изведат пред суд и да го ослободат еднаш за секогаш СДСМ и неговото членство од колективната вина, што некои во оваа држава сакаат да ни ја наметнат.

Наш заеднички интерес да ја почитуваме презумпцијата на невиност кај секој човек, додека на суд не му биде докажана вината. Наша морална обврска е да ја спречиме атмосферата на јавен линч, да го оневозможиме политичкиот ганстеризам, кога се јавува во полициска униформа, затоа што тоа не е полиција на власта, туку полиција на сите граѓани и да не дозволиме степенот на конфликтноста помеѓу власта и опозицијата да добие димензии на не премостлив јаз, кој може да стане опасен за опстанокот на државата.

Оттука, во борбата против криминалот, освен целта, многу се важни и средствата кои ги употребуваме. Обврска на овој Парламент е да не дозволи да бидат повредени човековите права и да инсистира на почитување на правната процедура, а како услов за функционирање на правната држава.

Заради тоа, предлагам Парламентот да не го усвои овој Извештај. Ако луѓето во политиката го изгубат целосно меѓусебното почитување и почнат на секој начин да докажуваат дека политиката е валкана работа, тогаш бидете убедени, дека ќе обесхрабриме многу чесни луѓе да започнат да се занимаваат со политика или пак ќе ги натераме да ја напуштаат.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Тогаш, политика ќе им остане на оние, кои во таквата игра најмногу уживаат и во која ќе се чувствуваат како добри играчи.

Г-динот Васил Тупурковски пред изборната кампања кажа една мисла, која мене и денес ми е прифатлива. Тој рече: "И оние што лажат на овие избори, по изборите ќе одговараат како криминалци". Сметам дека и оние што лажат по изборите, исто така, треба да одговараат како криминалци. Додека не успееме оваа желба да ја претвориме во реалност, лажењето ќе остане нашиот омилен национален спорт, а неоснованото валкаЊе на честа и угледот, ќе бидат омилена забава, а не кривично дело.

На крајот, почитувани колеги пратеници, сакам да ве потсетам на следното. Ние не треба да се правиме слепи за нешто што му е јасно на целиот свет. А, тоа е дека за можните злоупотреби на старата власт таа политички е веќе санкционирана со изборите. Утврдувањето на другите видови одговорност треба да им се препушти на обвинителствата и на судовите. Во спротивно, се мешаме во нивната независност и вршиме политчки притисок врз нив, а тоа нема да биде добро оценето од страна на оние кои ги следат процесите на демократизација во Македонија и од чии оценки зависи влегувањето на Македонија во друштвото на демократските држави. Велам, ќе биде тоа силен политички притисок, па дури и политичко арбитрирање, затоа што кажете ми вие колеги пратеници, кој е тој обвинител во Македонија што го избира овој Парламент, кој што ќе каже дека нема основа за покренување на обвинение против некои граѓани, за кои Парламентот со свој заклучок утврдил дека има основа за негово обвинение.

Колку што мене ми е познато ние овде имаме за задача да ја контролираме актуелната извршна власт и да не дозволиме нејзина криминализација. Од тука би било по целисходно денес, наместо овој извештај да усвоиме одлука за формирање на анкетна комисија, која ќе ги анализира јавните набавки и можните злоупотреби на новата власт.

На тој начин народот навреме ќе може да разбере дали јавните функционери работат во согласност со законот. Ако аферите сврзани со функционирањето на актуелната власт брзо ги расчистуваме, тогаш ќе создадеме атмосфера, луѓето во политиката да ги навикнеме на одговорност, но и брзо да ги ослободуваме од непотребните хипотеки и шпекулации во јавноста. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

МУ благодарам на г-динот Ѓорѓи Спасов за неговата расправа.

За реплика се јави г-динот Мерсел Биљали, а потоа ќе има збор г-динот Филип Петровски.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Добро, и јас не успеав да бидам сосема јасен или г-динот Котевски не успеа да ме разбере како што треба, меѓутоа пак е дека тој не успеал или не можел да ја разбере суштината на тоа што јас го кажав тука. Имено, јас ништо не спомнав за минатата структура на Собранието. И, ако треба да се расправа, треба да се признае дека и таа структура имала милион пропусти и манипулации и тоа е реално.

Јас поставив едно прашање, кое е од принципиелна природа. Имено, прашањето беше поставено врз основа на дејствувањето на ова Собрание. Ова Собрание формира Анкетна комисија, без оглед на тоа што исходите или наодот на Анкетната комисија е основа за покренување на политичка одговорност на носителите на јавните функции. А, тие функционери веќе кога ја формиравме комисијата беа бивши функционери. Значи, веќе не беа носители на јавни функции. А, од друга страна кога требаше да расправаме за Интерпелацијата за двајцата екс министри од оваа Влада, мнозинството тука укажа дека тоа е беспредметно, од самиот факт што тие веќе не се членови, односно не ги водат тие ресори и не се јавни функционери баш за тие ресори, што дотогаш тие ги воделе. Мислам, прашањето е принципиелно и тука мора да се согласиме, бидејќи на секого е јасно дека се поставува врз основа на два аршина. Секој коментар тука ќе беше одвишен.

Значи, на првиот случај и на вториот случај се работи за уставни механизми, механизми врз кои се врши контролата од страна на ова Собрание над извршната власт и за Интерпелацијата и за Анкетните комисии. Значи, во првиот случај ги немаме министрите, а формираме Анкетна комисија. Во вториот случај ние исто така ги немаме министрите, а расправаме.

Најлошо е според мене, ако се сака вака да се задушува поинаквото мислење или политичкиот противник, или ако сакате политичкиот опонент со репресија. Тоа е трагично, тоа е лошо за сите нас. Мислам, дека тоа е катастрофално за демократските процеси и тоа така мора да се сфати. Ако е за хипокризијата, што кажа г-динот Котевски, јас мислам поголема хипокризија од тоа што некој шест пати повеќе корумпира да расправа за претходниот, тоа е хипокризија.

Поинаку, јас мислам дека судските органи треба да ги гонат и мене не ми е јасно зошто молчат органите за гонење, ако ги имаат овие докази, факти и показатели. Никој не ги спречува. Јас мислам дури тие органи го прекршуваат законот, ако ја премолчуваат една состојба, една ситуација, која е поврзана со корупцијата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мерсел Биљали.

Ќе ве молам, знаете што, немојте да ја превртираме тезата, се работи за, немојте да го враќаме прашањето на почетокот. Вакви дискусии водевме кога ја формиравме Анкетната комисија. Оваа Анкетна комисија е во континуитет на старата Анкетна комисија, која не ја заврши работата со инспекторирањето на министерства, кои што вас, г-дине Биљали ви се добро познати.

И, бидејќи криминалот не застарува и застарува и верувам дека овој Парламент ќе заклучи на наредната седница и оваа власт да биде под инспекција, како што е и секоја друга, бидејќи сите сме во борба против корумпираноста, против криминалот и т.н., да не водиме сега расправа дали сме подобри правници сега или не сме биле тогаш и т.н. Оваа Комисија има право да си ја заврши работата и да поднесе извештај. Тој извештај денеска го разгледуваме.

А, вие имате право да мислите дека е тоа политичка пресметка, дека е тоа друга пресметка и т.н., тоа е право на секој пратеник да мисли. Но, ние и дадовме мандат, точно ги утврдивме параметрите на нејзината работа и денеска го имаме тој извештај. По него ние денеска расправаме.

Ќе ве молам сите други кои што процедурално сакаат да одговорат на ова прашање, да се повлечат, а оние кои што сакаат да одговорат и суштински да водат расправа по извештајот, да си останат на екранот.

Г-динот Котевски би сакал реплика.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Препирка, а не реплика. На македонски е препирка.

Почитуван претседателе, јас бев многу јасен кога зборував за Анкетните комисии. Мене ми е сосема јасно дека ако нешто во Уставот се запишало и тоа навистина треба да се почитува, затоа што Уставот е врвен акт на една држава. И, тука немам збор со г-динот Биљали, апсолутно немам збор.

Меѓутоа, имам спор со тоа што оваа денешна опозиција кога беше позиција, имавме формирано Анкетна комисија за РЕК - Битола, која никогаш не проработи се со цел да не се откријат некои работи што се случија таму и беше направена огромна материјална штета и Битола претрпе големи, големи пакости.

Исто така, случајот со Гостивар и другите настани каде што Алил Џаферовски беше претседател на таа Анкетна комисија, заврши така како што заврши.

Сакам да повторам дека ако сериозно ги поставуваме нештата и оваа Комисија, навистина треба да ја сработи работата така како што е утврдено во Уставот, а со други

акти или со Деловникот не е доволно прецизно обработено, мислам дека ние денес со право расправаме по овој Извештај на Анкетната комисија. И, да нема таква хипокризија или двоен морал од страна на луѓето кои во даден момент се однесуваат сосема поинаку, кога се на власт, а кога се во опозиција фрлаат со дрва и камења.

Подеднакво се слагам, како што рековте и самите, организираниот криминал, корупцијата, митото, се подеднакво опасни дали станува збор од страна на опозицијата или од страна на позицијата. И, ние таа битка треба да ја водиме до крај. И, тука подеднакво се слагам.

Мојата цел беше во иднина оваа Анкетна комисија, ако се врши измена или дополнување било какво на Уставот на РМ, да ја осмислиме или со новиот Деловник да и дадеме некои дополнителни ингеренции во согласност со функцијата на Собранието како на законодавен орган.

Тоа беше мојата заложба. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Томислав Стојановски сака реплика.

Процедурално после ќе ви дадам збор г-дине Харуни.

Само сега да завршат репликите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателе, благодарам за можноста што ми ја дадовте.

Почитувани колеги, се говори за не принципиелност, за мешање на поими што Интерпелација и што е Анкетна комисија.

Уставот е многу јасен. Во член 72 говори за персоналниот дел. Интерпелација може да се постави за работа на секој носител на јавна функција и Владата.

Меѓутоа, кога се говори за Анкетна комисија, не се говори за личност, туку се работи за сфера на јавен интерес. Комисијата оваа овде ние што ја оформивме и за чиј извештај денеска говориме, таа говори од името на јавен интерес. И, дали таа појава во јавните набавки има јавен интерес и како се водела. Па, г-дине Биљали, ако не прави разлика меѓу овие два института, ќе се јави процедурално сигурно уште 100 пати. Тоа е едниот дел.

Иста работа е и кај г-дин Ѓорѓи. И тој не прави никаква разлика помеѓу овие два института. И тој говори за персонален, а не го знае јавниот интерес. Во овој случај, за да не би правеле повторно грешки, ќе ги прочитаме овие две законски одредби, односно Уставни одредби и ќе продолжиме со работа, дали оваа Комисија работела за нешто што е од јавен интерес. Ги уверувам сите пратеници овде, затоа што сум и јас уверен во тоа дека прашањето јавните набавки се од јавен интерес да се направи разлика помеѓу кривично правна одговорност. Ние овдека не сме институт да овениме дали некој и до која степен е одговорен. За таа работа ќе треба да одлучи судот. Овде имавме едни документи, поправо едно писмо од Републичкиот јавен обвинител, кој говори за одредени личности против кои, за што и како е поднесена кривична пријава и дека има отворено истраги пред надлежните основни судови во Скопје I и II.

Поради ова, господа, да бидеме прагматични, да се држиме на предметот на расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот потпретседател.

Г-динот Сејфедин Харуни, бараше процедурално.

Дајте му на г-динот Мерсел Биљали Реплика, правото не го злоупотребувајте.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Искрено не чувствува воопшто потреба да му реплицирам на г-динот Стојановски, ниту да навлегувам во тоа колку тој е експерт по право, ако јас се прашувам, подобро е да бидеш никаков правник или воопшто да не бидеш правник, оти да бидеш правник како г-дин Стојановски. Видете, тој ги изнесува поимите јавен интерес кај механизми на контрола на извршната власт, од страна на Собранието. Па, тука најосновните работи и јас испод чест ми е да вршам реплика. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за појаснувањето.

Процедурално, Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Се извинувам г-дине претседателе, не е процедурално се јавувам од преѓеска од говорница, не можев да добијам збор, па сакам да реплицирам во врска со две работи, кои што беа искажани до сега во досегашната дискусија.

Очигледна е целта на замена на тезите, за што зборувавте, јасно е дека нападот е најдобра одбрана, меѓутоа морам да реплицирам со две работи.

Првата работа, два пати беше кажано од г-динот Биљали дека според некои западни извори, оваа сегашна Влада е шест пати е по корумпирана од поранешната. На

тој начин со тоа се врши амнестија на она што го правела поранешната Влада. Би сакал да се каже кои се тие некои западни извори.

Втората работа, често пати во текот на работата на ова Собрание, од многу говорници бесрамно се користеше и злоупотребуваше името на г-динот Васил Тупурковски, како што впрочем и сега се случува од одредени говорници, што на Демократска алтернатива на одреден начин и направи некаква штета во претседателската кампања.

Меѓутоа, да се изврртуваат така тезите без никакви докази, да се повикува во дискусија на некакви изјави од некои професори во врска со некаква земена провизија мислам дека е повеќе од лицемерно и јасна е целта и намерата дискусијата да се сврти во друг правец. Така што, чувствувам потреба и во името на пратеничката група ДА, да замолам да не се користат имиња и презимиња на луѓе кои што, прво не се присутни во салата.

Второ, за оние луѓе кои што немаат, односно немаат никакви докази, туку се работи за инсинуации и за злонамерни убедувања и разубедувања. Благодарам

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, за да воспоставиме...

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Се извинувам, правото за дискусија го здржувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сигурно, ова е само реплика.

Г-дин Ѓорѓи Котевски повторно бара реплика.

Ова ви е трет пат и повеќе нема да ви дадам реплика.

Вклучете го г-динот Котевски за реплика.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Се извинувам што морам да се јавам, меѓутоа за жал некои луѓе се тешко нарцисоидни кога зборуваат на говорница, секогаш се однесуваат како адвокати а не како политичари. Јас јасно зборував за анкетната комисија каква треба да биде функцијата и што треба да направиме. Сето тоа мислам го слушнаа овие пратеници.

Затоа во иднина нема потреба од тоа да кажеме дека некој многу се разбира или не се разбира. Во тој дух јас разговарав и стојам на тоа и понатаму тоа ќе се отвори како прашање, мислам во Парламентот и на комисиите, околу Анкетните комисии. Ако ги земеме аналитички од донесувањето на Уставот формираните комисии што сработиле, навистина ќе видите поразен елемент, дека тие комисии не функционирале и не сработиле така како што треба, со исклучок ако сакам да кажам денешнава на која што нешто повеќе може да се направи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Сејфедин Харуни процедурално, повелете господине.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Процедурално имам претседателе.

Правото за дискусија го задржувам, затоа што имам четири часа блок за дискусија и анализа и паралела правам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Како рековте?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Четири часа блок дискусија имам и го задржувам правото за дискусија, реков, пред да се изјаснам процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали да дискутирате четири часа па процедурално?

Ќе ве молам не може ова вака, или кажете процедурално, па да ве пуштам да зборувате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сега, јас бев процедурално, со право да го задржам за дискусија, а за дискусијата реков дека ми е блок четири часа.

Се уште не сум завршил со процедуралното.

Овде е повеќе отколку губење време да се дискутира за замена на тезите, затоа што Анкетната комисија за време од кога е таа избрана има направено многу нешта.

Анкетната комисија има многу направено и материјалот кој ни е доставен, е доста обемен и сериозен, меѓутоа Анкетната комисија за кратко време се разочара. На почетокот беа со голем елан, а потоа многу са разочараа, затоа што нивните партнери направија не за 300 страници, туку една голема архива за злоупотреба на средствата, како и на јавните тендери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За тоа посебно *ќе* има дискусија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господинот Стојановски, што повлече и да ни покаже Устав јас знам и сум убеден дока од право воопшто *не* се разбира, а работата за тендери ја има доста усовршено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, да не се навредуваме лично.

За збор се јави господинот Филип Петровски.

(Господинот Љубисав Иванов - Ѕинго бара збор процедурално).

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Кога некој се јавува во врска со процедурата, ве молам да појасни прво, во врска со што разговараме, на кој член од Деловникот се повикува и зошто са повикува процедурално.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се согласувам со тоа и имате право.

Сега опструкција на Парламент ќе се врши во име на процедурата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Во врска со Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки, би сакал да го дадам своето мислење со неколку збора во вид на дискусија, не во вид на процедурална забелешка...

(Господинот Љубисав Иванов, бара збор процедурално).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Иванов, знам дека Вие имате искуство и процедурално би помогнале, се разбира ако биде само процедурално, немојте расправа.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Добив еден материјал господине доктор Саво Климовски, сега под строго доверливо и сакам да прашам, прво тој материјал е полн со небулози и политичка конотација, дали овој материјал е во рамките на оваа точка на дневен ред, или случајно се поклопил овде и дали ќе расправаме сега по него, или ќе расправаме на друга седница?

Сега јас потпишав дека сум го примил материјалот под строго доверливо, а гледам дека е полн со интриги, лаги и не вистини и со политичка конотација. Дали ќе биде составен дел на оваа точка од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Овој материјал беше побаран од пратениците да го добијат преку јавниот обвинител.

Под строго доверливо го имате и можете да го користите само кога е во функција на овој материјал, на Анкетната комисија.

Другото не е предмет на расправа ниту ќе се расправа.

Ве молам останува строго доверливо и после ќе го вратите тој материјал.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Дали ќе биде на дневен ред Фудбалскиот сојуз и Дискотеката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, на дневен ред не, освен имињата што се во врска со Извештајот.

Други не. Тоа е строго доверливо и останува овде.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Многу изгледа прљаво.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не станува збор за други имиња.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Кога ќе расправаме за него?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За другите имиња ако се постави прашање, на некоја од наредните седници, сега не.

Како што реков збор има господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Сакам да се произнесам во врска со Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки во повеќе институции.

Веднаш на почетокот сакам да кажам дека спротивно на некои политички партии, што се произнесоа во смисла дека немавме потреба да формираме таква комисија, или можеби таа е искористена за јавен линч на политички истомисленици или неколку забелешки кои одеа во таа насока дека апсолутно беше излишна таа комисија. Јас би се произнел спротивно на тоа и мислам дека таа беше потребна за да се проверат некои бројки, за да се видат некои состојби и најмногу од се да и се стави до знаење на македонската јавност како некои луѓе практикувале јавна функција. Мислам дека ние недвосмислено треба да се произнесеме во таа насока за една информација и нема да се обидуваме да ги поништуваме бројките, односно на еден нехилистички начин да се обидеме да го доведеме бројките во прашање, односно сите институции на системот во кој што работеле во врска со овие бројки што ги имаме пред нас, односно овие информации ги доведуваме во прашање. Тоа не ни е цел, но мислам дека ни е повеќе од потребно пред македонската јавност да ги претресеме сите

овие информации, да ги ставиме на увид, или пак доколку ние не успееме, бидејќи степенот на тајноста е симнат, а без разлика дали е симнат или не е симнат, но без разлика и на тоа јас ги гледав тие бројки и сметам дека воопшто не треба да има тајност за едни такви податоци. Мислам дека македонската јавност има право да дознае некои податоци, некои бројки и тие треба да и бидат достапни. На крајот на краиштата, оној што се занимава со јавна функција, односно оној кој што има доверба на овој или оној начин од гласачите ако е чист нема од што да се плаши.

Јас се определив да се задржам на некои моменти од Информацијата. Сметам дека нема голема потреба од некаков степен на тајност, затоа што тоа се податоци кои што се повеќе или помалку познати на македонската јавност, но не е лошо кога дискутираме за овој Извештај да претресеме некои бројки, да дадеме свое видување и нормално на крајот да се произнесеме како ќе гласаме за овој Извештај.

Бидејќи имаме предлог информации јас се определив да дадам свое мислење за неколку моменти, кои што се наведени од Комисијата за испитување на јавните набавки во Министерството за внатрешни работи.

Тука е зафатен период на повеќе министри, ќе се обидам да не ги именувам, меѓутоа бројките сакам да ги изнесам, затоа што мислам дека тоа се интересни бројки, а секој оној кој што сака да спори со тие бројки треба прво себе да се праша кои му се мотивите, а секој оној кој што тие бројки сака да ги споредува со некои нови бројки, кои што можеби во меѓувреме настанале треба да се знае дека, моето мислење е дека кака Парламент имаме право да формираме анкетни комисии во секое време. Така што ако сакате можеме да формираме Анкетни комисии за други периоди.

Оваа Анкетна комисија најмногу беше напаѓана дека исклучува еден период од претходната власт, односно од претходната Влада, експертската Влада на премиерот Кљусев во тоа време.

Јас мислам ако сакате и за тој период може да се формира Анкетна комисија, затоа што оној што е чист нема од што да се плаши. Во таа насока ние како Парламент предлагам да си го задржиме правото и кога ќе се договориме, односно изгласаме таква потреба можеме за било што да формираме Анкетна комисија, која што ќе провери, која што ќе испита. Доколку тоа право го потврдувате, а гледам дека го потврдувате исто така Ви носи одговорност да бидете одговорно спрема овој период и да не го ставате во дискусија, како линч, како злоупотреба на власт, кон некоја стара номенклатура, политички санкции и слично.

Едноставно треба да бидеме одговорни, треба да бидеме трезвени и да ги погледаме бројките и ако некој го прекршил законот треба да одговара според законот и нормално ако треба да оди во затвор и да оди во затвор. Ова од наша страна не е притисок врз судската власта, затоа што ние нема да повикуваме тука некој да се затвори, меѓутоа ние имаме право да ја известиме македонската јавност. Моја лична проценка е дека овие бројки не се некоја голема тајна. Голем дел од овие бројки среќававме во медиумите и мислам дека треба барем дел од нив да погледаме уште еднаш.

Како што реков, се определив за некои моменти во врска со активностите на Министерството за внатрешни работи. Тука се спомнува реновирање на гостинска вила, па фактури со многу големи суми, кои што треба и тоа како да се проверат односно да се виде што во таа насока може да биде прекршување на законот односно да се види дали токму тоа што е однесено во гостинската вила (материјали, уредување на гостинската вила дали било потребно да се изврши токму на таков начин). Тоа не е можеби толку проблематично, меѓутоа мислам дека треба да се навратиме на овој момент.

1994 година е извршена набавка на наочари "Рејбан", преку Заводот за унапредување на стопанството на Република Македонија, по три фактури 397 парчиња во износ од 1.338.762,00 денари исплатени од сметка на МВР. Исто така набавени се наочари "Рејбан" од "Оптика". Во една фактура 100 парчиња по цена од 6.000 долари, кои што по налог на тогашниот помошник министер за финансии се исплатени во готово, од касата на Министерството за внатрешни работи.

Исто така, треба да се провери, се разбира од страна на тие што имаат законска обврска тоа да го направат, дали набавка на транспортери по цена од 165.000 долари по парче, или вкупно 1.980.000 долари за дванаесет транспортери, при што е платена и провизија, за која што можеби се расправавме во врска со еден претходен закон. Во денарска противвредност и

понатаму условите за одржување на транспортерите, начинот на испораката, рокот на гаранција и друго. Мислам дека сето тоа треба да се има во предвид при пребарувањето на јавните набавки во Министерството за внатрешни работи.

Многу пластичен пример е случајот кој што беше доста експлатиран во јавноста во врска со преводите кои што се вршени во Министерството за внатрешни работи. Јас не би спорел доколку има потреба од превод, дека треба да се преведува, кое што ја допира работата на Министерството за внатрешни работи, меѓутоа мислам дека треба да *се* има во предвид дека званичниот ценовник на Друштвото на научни и стручни преведувачи на град Скопје во 1998 година, превод на една страница од странски јазик на македонски изнесува помеѓу 300 и 400 денари, мислам дека е против законски, излегува надвор од дозволеното МВР да прифати цена за стручен превод од странски јазик на македонски и обратно за 800 денари. Ние овде се расправаме за големи цифри, за големи суми и можеби на некого ќе му делува минорна оваа бројка, меѓутоа јас мислам дека треба сите детали да ги опфатиме. Оној што ја има одговорноста ја има и за најмалиот престап како што ја има и за најголемиот.

Исто така, би сакал да споменам дека покрај преводите на стручна литература, за потребите на МВР, Комисијата констатирала дека се вршени преводи на повеќе книги надвор од потребите на МВР.

Како по карактеристични ќе го издвојам само насловот "Теорија за демократија" од Љубомир Данилов Фрчковски, од македонски на француски јазик и истата не се наоѓа во библиотеката на МВР. Ова многу пластично укажува во која насока оделе работите во Министерството за внатрешни работи. Тука има повеќе наслови, сите сте ги виделе во Информацијата за кои што мислам дека во многу не се вклопуваат со потребите на МВР.

Во јавноста многу често се зборуваше и за набавени слики, скулптури и мислам дека не е лошо уште еднаш да повториме дека во текот на периодот од 1992-1996 година се набавени уметнички слики, скулптури и резби од разни автори во износ од 3.137.000 денари, исто така платени од сметката на МВР. Тоа ако сака некој да го спори може да рече дека имало потреба во МВР од толку и толку слики, меѓутоа ако зборуваме за пари кои што се земаат од граѓаните, за тоа што граѓаните за редовно функционирање на државата плаќаат придонеси, мислам дека треба да се имаат овие работи предвид.

Исто така и минатите министри вклучувале договори за набавка на возила. Тоа е многу прецизно напишано и тоа мислам дека има потреба да се провери дали имало потреба од толку и толку возила и дали е реална таа цена што се плаќа.

На крајот за набавката на коњи. Во Информацијата стои дека 1993 година од страна на полициската служба до Управата за заеднички работи е доставено барање за набавка на коњи од Липицанерска раса и по разгледување на потребите од страна на колегиумот на министерот формирана е комисија со задача да изврши посета на повеќе ергели и коњички клубови за да се прибават понуди. Комисијата од 15.9 до 29.9 1994 година посетила повеќе ергели и утврдила дека цените на коњите се движат од 7 до 100 илјади германски марки и предложиле да се купат коњи. Купени се 10 коњи за 85 илјади германски марки. Мислам дека и за тоа исто така треба да се подзамислиме. Можеби полицијата во тоа време имала потреба да има коњи во својата формација, меѓутоа не знам да се купуваат Пастуви, кобили, Кастраби со имиња како што се на пример Тајфун и друго, за цена од 85 илјади германски марки. Мислам дека сепак треба да се стави приговор на ова што е правено во Министерството за внатрешни работи и треба да се има предвид овие работи кога ќе се усвојува овој Извештај.

Некои информации што ние ги добивме недвосмислено укажуваат на тоа дека овој Извештај треба да се усвои, инаку ќе се доведеме во една несимпатична ситуација - да негираме се што е институција на државата. Да ги спориме бројките, да ги спориме тие што ги донеле бројките и на крајот да се повикуваме на линч на истомисленици и едноставно на некој начин да се обидуваме по секоја цена одговорноста да ја префрлиме после изминување на мандатот со што јас апсолутно не се согласувам.

Мислам дека бев јасен да промена на мандат не значи и крај на одговорност со тоа што и новата власт не значи дека е амнестирана од одговорност додека не заврши мандатот, односно додека не дојде друга власт. Во таа насока јасни се ингеренциите и можностите кој што ги има овој Парламент и нема зошто да отстапуваме од нив, но тоа не значи дека треба да бидеме селективни само за

определен мандат, односно сега ние како Парламент да се занимаваме само со работата на оваа Влада. Мислам дека апсолутно не држи забелешката дека до 1998 година не постоеше закон за јавни набавки па пред 1998 година се е дозволено да се прави.

Исто така се спомена дека треба да се исклучи минатата структура, затоа што оваа структура на власт е многу по корумпирана па дојдовме до бројката од 6 пати поголема корупција. Мене не ми е јасно дискутантот како успеа, по кое математичко равенство успеа да помножи по "6", меѓутоа доколку е логично издржливо она што го тврдат дека до 1998 година немало криминал, дека нема потреба од формирање на комисија за јавни набавки затоа што се било чисто, а сега оваа власт е корумпирана, јас само да кажам дека 6 x 0 = 0, што значи дека тој не множел со 0, ако тврди дека оваа власт е 6 пати покорумпирана од минатата. Или ако сака да биде логички исправен исказот дека таа власт не е корумпирана тогаш 6 x 0 = 0. Значи тој тврди дека и таа власт е корумпирана. Така што мислам дека во самиот негов исказ стои едно мало уверување дека има некоја корумпираност и ако има некоја корумпираност мислам дека таа треба да се испита.

Лично морам да ви кажам дека и јас не сум задоволен од време траењето на работата на оваа комисија. Мислам дека таа комисија можеше многу побрзо да ја заврши таа работа и доколку денеска завршиме со Извештајот на некој начин, можеме да го фатиме последниот воз. Да не се развлече работата во бесконечност и да дојдеме во ситуација да стане оправдано тврдењето, ако сакаш некоја работа да не се заврши да формираш комисија.

Работите се пред нас, бројките се прилично прецизни.

Мислам дека некој за тоа треба да се произнесе.

Во врска со оваа информација што ја добивме која исто така е под ембарго.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Можат да се користат само имињата што се спомнуваат во Информацијата, а другото е под ембарго.

Само имињата што се спомнати во спомнатата Информација за нив да се побара до каде е стигната постапката.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас нема да одам во детали, ако е под ембарго, ако има некој степен на тајност, нека биде, меѓутоа ние тука имаме информација дека одредени кривични пријави се покренати.

Меѓутоа, морам да кажам дека мене нешто ми изгледа малку сомнително и морам да ви кажам дека јас ќе го искористам своето право како пратеник да зборувам и да извршам одреден притисок со моите зборови, доколку за некого тоа е притисок. Едноставно мислам дека некои работи треба малку побрзо да се вршат. Тука имаме информации пред шест, пред 10 месеци дека се покренати кривични пријави, дека одредени истражни судии ги истражуваат тие предмети. Морам да кажам дека одредени имиња се повторуваат, значи некои истражни судии водат повеќе процеси. Така што мислам дека треба да имаат во предвид во Јавното обвинителство дека некои предмети треба да се завршат. Тоа не значи дека сега ние вршиме притисок да се осуди некој, меѓутоа дајте да ги завршиме тие предмети, да видиме што вина носат тие луѓе и дали воопшто носат вина, претпоставувајќи дека некои можеби и се огрешиле по законот и едноставно да бидеме малку по ефикасни. Тие институции на системот да бидат малку по ефикасни, затоа што апсолвирајќи го односот власт, опозиција ако бидат тие по ефикасни ќе имаме голема доверба во државата, а мислам дека тоа ни е на сите задача да создаваме со една дискусија, со една расправа меѓу нас, да создаваме поголема доверба во институциите на системот, така што граѓанинот ќе може покомотно да се чувствува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, уште на самиот почеток, уште на самото формирање на оваа комисија имаше големи полемики околу нејзиното формирање.

Имено, претставниците од опозицијата тврдеа дека нема потреба од оваа комисија, односно напротив тие треба да формираат комисија за вршење на ревизија на јавните набавки во министерствата. Но, како што се договоривме на самиот почеток на овој состав, на овој Парламент оваа комисија се формира за да ги испита јавните набавки кои се вршени во периодот од 1992 година до 1998 година, што значи за целото

работење, односно во периодот до кога владееше, или беше на власт и се случуваа овие јавни набавки.

Според тоа оваа комисија работеше и ги достави овие документации кои се внесуваат на извршените увиди во Министерството за внатрешни работи, во Министерството за одбрана. Сега се доставени до сите пратеници и имаме една слика за сето она што се случувало сиве овие години. Мислам дека не е цел на овој Парламент, односно на пратениците од опозицијата да негираат некое работење, едноставно тоа е укажување за неправилностите во работењето на претходната власт. Затоа по извршувањето на сите овие испитувања во сите министерства, ќе заврши работата во оваа Анкетна комисија, која беше создадена од претставниците на позицијата, а исто се дава право ако веќе како што гледаме пратениците од опозицијата реагираат и тврдат други тези овде дека веќе нашата Влада, односно нашите министерства прават поголеми дубиози и поголеми проневери во јавните набавки.

Затоа тие го знаат своето право, можат да побараат од ова Собрание формирање на иста таква комисија, за да ги испитуваат јавните набавки во министерствата кои ги врши актуелната Влада. Дел од ова и претходните говорници кажаа на пример од она што сакав и јас да искажам, но би ги спомнал само од извршените набавки во Министерството за внатрешни работи, односно сите склучени договори од страна на Министерството за внатрешни работи, односно од д-р Љубомир Фрчковски, како и помошникот на министерот за финансии Славчо Саздов. Не можеме а да не направиме некоја споредба, односно да не се кажат, би сакал да се зборува без податоци, односно точни цифри, но многу би било тоа сувопарно. Па чисто еве вака за да го знае тоа македонската јавност како се движеле овие набавки и износот на самите набавки. На пример, не споредливо е набавка во 1993 година од 10.02. и од 24.09. тоа се набавка на теренски и плитки чевли во вредност, некаде од околу 250 илјади германски марки. Можеби тоа навистина е таа цена. Но, веднаш како точка 4, во втори и во шести месец е вршена набавка на токи за ремени. Значи ако теренските чевли и плитките чевли за сите претставници на Министерството за внатрешни работи изнесува 250 илјади германски марки, а само токите за ремените изнесуваат 320 илјади германски марки, мислам како еден параметар е неспоредливо. На секоја страна има веќе по неколку ставки: униформа за полиција 700 илјади германски марки е набавено во втори месец, во четврти месец. Ткаенина за униформи милион ипол германски марки, повторно ткаенина за униформи 840 илјади германски марки. Па се прашувам дали и колку униформи се купуваат и колку имаме ние членови во нашите министерства.

Значи, споредувајќи ги овие параметри само за две години во 1983 и 1984 година потрошени се повеќе од 30 милиони германски марки, а тоа се само униформи, тоа се токи за ремени, повторно маскирни униформи и кабаници и едни ставки што ги има исто така на секоја страна, наменска опрема и тоа сите овие изнесуваат по еден ипол до два ипол милиони германски марки, а тие се дадени точно по фактури по износи во кои месеци. Под број 8 е наменска опрема, под број 19 повторно наменска опрема два ипол милиони германски марки. Значи секоја страна, 35 наменска опрема, се наменски опреми во вредност од некаде околу 9 до 10 милиони германски марки. Мислам дека би требало да знаеме што се подразбира под таа наменска опрема.

Значи, униформата, памфлетите и чиновите. Ве молам, имаме три или четири делови од униформи. Униформи па после делови од униформи, па делови за униформи со вредност од 200 до 300 илјади германски марки. Изработка на чинови за полиција. Секоја година по стотина до 120 илјади германски марки. Па зарем чиновите се трошат, зарем секоја година се менуваат чиновите на нашите претставници на Министерството за внатрешни работи. За се она што треба да се набави, секоја чест. Само на претходната седница зборувавме за набавките кои треба да ги изврши новата Влада, за набавките кои јас мислам дека се од неопходно значење за совршено, односно професионално извршување на задачите на претставниците и учесниците на МВР во отстранувањето на организираниот криминал.

Така и претходните министерства правеле напори да обезбедат соодветни средства со кои би можеле да пружат и олеснат во остварувањето на работите на претставниците на Министерството за внатрешни работи. Значи, беше нападната сегашната Влада поради овие набавки кои сакаат и кои мислат дека се неопходни да се набават. Но, еве и овде се напаѓаше новата Влада дека овие американски возила кои треба да се набават дека се многу скапи и дека можеби не се потребни, дека можело сето тоа

да се направи со некои по евтини возила, како што е случајот што го правеше тоа претходната на пример договорите кои ги правеше со возилата под фирмата "Асиба", односно се однесува на возила "Венто", "Фолцваген", "Поло" и т.н. Но, исто така паѓа овде во очи дека претходната Влада исто има направено договор во 1995 година за набавка на 160 теренски возила. Еве, точно да не ги дефинираме, значи "Голф 1,8", "Голф 1,4", "Поло 1,6" и т.н. со вкупна вредност од два милиони и седумстотини и 80 илјади американски долари. Но, запрепастува фактот дека договорот е направен за испорака на 160 возила и тоа 50 возила од типот "Голф 1,4", потоа 10 возила "Голф 1,8", 100 возила "Поло 1,6" и 10 возила "Голф 1,4". Значи сето тоа е фактурирано од страна на фирмата "Асиба" во вредност од 61 милион 574 илјади денари, односно фактурата прва била 49 милиони, 984 милиони денари, а се исплатени 61 милион 574 милиони денари, значи 11 милиони денари во име на провизија и камата по девизна камата. А по договорот се испорачани од можните 160 возила само 112 возила.

Значи сега ние напаѓаме нешто што уште не е направено, значи новата Влада сака да купи нешто. Не е проблемот тоа што ќе се набави, туку е проблемот колку се набавило, дали се спроведени договорите и дали е извршена наплатата по онаа цена по која се дефинирани и се направени договорите. Исто така, паѓа во очи опремувањето и реновирањето на гостинската вила на МВР со амин на господинот Љубомир Фрчковски, по налог на Славчо Саздов помошник министер за финансии, на госпоѓата Ангелинка Анаќиева, сопственик на антикварницата "Атима" и на рака се исплатени 50 илјади германски марки на име извршена набавка на намештај.

Истата оваа госпоѓа, односно на истата фирма на 23.05.1994 година, значи само по неколку месеци се исплатени две фактури по 5.320 германски марки повторно за испорачување на мебел. Значи на 15.05., потоа на 23.05. друга фактура на 5.680 германски марки повторно за мебел. Исто така оваа антикварница "Атима" за неколку месеци има испорачано роба, односно примано на рака готови пари 93 илјади 770 германски марки.

Мене ме зачудува фактот дека од една антикварница може да се опреми оваа гостинска вила и тоа со стотина илјади германски марки. Исто така, набавките за уметнички дела слики се набавени и тоа исто од оваа антикварница, исто во износ од три милиони 137 илјади денари, значи исто стотина илјади германски марки. Сега малку не реалноста е во тоа што за реновирањето на целиот овој објект на фирмата, односно градежните работи кои се превземани од градежната фирма "Бетон" изнесува во вредност од 28 илјади германски марки, а за извршеното фарбање и белење само 36 илјади денари. Значи целото ова реновирање гледано од градежните работи изнесува неполни 29, 30 илјади марки, а реновирањето во опрема од антикварницата за слики и намештај 200 илјади германски марки. Веќе колегата Петровски спомна, не сакам да ги споменувам наочарите. Јас би напомнал дека тоа се големи цифри и не би сакал да ги напоменувам, но според моите проценки за преводите кои се направени само за од 1.01.1992 година до 31.12.1998 година се потрошени 11 милиони денари, а што значи беше дадено превод дека Друштвото на научните и стручни преведувачи нудеа цена. Значи овде никаде не се вршело лицитирање, односно не се барало понуди, од 300 до 400 денари за превод од една страница, а тие на прва рака по договор прифаќале превод за една страница од 800 денари. Интересно е само да се напомене што се има преведувано, мислам кои се книгите: Теорија за демократија од д-р Љубомир Фрчковски, Култура на Византија, Историја на политички идеи, Историја на индивидуализмот, Политички партии, Политичка социологија и т.н.

Значи и ова е еден дел од нечесните работи кои се правени. По моја проценка ако Министерството имало толку големи потреби од преводи, а тврдам дека имало, подобро би било, така е мојата проценка, 10 вработени со просечен личен доход од 500 германски марки за овие шест години би можеле да најдат работа најмалку 10 коресподенти, значи овие преводи можеле со десетина вработени да си ги завршат сите работи околу преведувањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денеска имаме тема за расправа која што на некој начин прилично воведува конфликтни ситуации овде во Собранието и разбирливо е така да биде.

Меѓутоа, веднаш на почетокот би сакал да кажам дека нема да се сложам со обидите на опозицијата да дадат еден

поинаков ток, или тотална маргинализација. Ако некој нешто работел во минатото погрешно, редно е да се проговори за тоа. Можеби актуелната политичка или економска ситуација во земјата наметнува и други прашања, меѓутоа сепак сметам дека е важно да се каже и да се утврди од тоа, не само да има поука опозицијата, туку и позицијата. Ако така се сфати целокупната оваа расправа, тогаш не гледам зошто и самата опозиција да не биде конструктивна по однос на дискусиите или на утврдувањето на некои од овие факти.

Исто така, имаше обиди, значи овој мал вовед нешто надвор од ова што го има во материјалот, меѓутоа морам да го кажам, исто така интересен беше обидот од еден наш колега кој што се обиде да каже дека, со ваквите дискусии всушност се врши замена на тези. Ако се дискутира за материјал што е даден тука и ако се држиме до овој материјал, тогаш замена на теза е ако фатиме да дискутираме за друго нешто. Навистина може да изврши некој замена на теза, ама кој ја врши таа замена на теза. Значи на тоа треба да се внимава. Ако е овој материјал даден, ајде да дискутираме за овој материјал. Ако не се дискутира по овој материјал, тогаш се врши замена на теза.

Јас само за некои од овие документи ќе продискутирам. Некои од овие документи до пред некој час беа и строго доверливи, поточно не беа достапни за јавноста. Тие се обилни со податоци. До колку некој земе да чита конкретни податоци, навистина ќе ја замори јавноста и ќе се добие впечаток дека сето тоа, всушност таму така е натрупано, имало нешто, некој нешто, додека бил на власт, земал одредени бенефиции и т.н., ама тоа е нормално, ама многу бројки ги има и ништо не може да се разбере од тоа.

Една од забелешките што би ја ставил на Комисијата која што го работеше овој материјал, е дека тие требало да направат поголем сублимат, значи од толку многу бројки, има илјадници бројки во материјалот, јасна е интенцијата на Комисијата. Тие се обиделе од толку многу бројки, во секоја од тие бројки да извлечат толку требало да се плати, ама се платило повеќе. Значи некој земал пари. Меѓутоа, толку многу бројки има во материјалите и просто човек не може да фати некој логичен заклучок или да извлече некаков сублимат од тоа.

Од првиот допис, што е доставена Информација од МВР по однос на зделките што ги правеле МВР со ЗУС. Овде е направен таков сублимат и оттука јасно се гледа дека, откако биле платени даноци, МВР платило 29 милиони марки, а 16 милиони марки ЗУС си земал. Значи била оштетена државата за толку. Таков договор, навистина не знам, дали некој од пратениците после читањето на овие факти ќе рече, не, не тоа, нешто поинаку било, нешто поинаку требало да се случи и не е баш толкава сумата. Тоа се конкретни бројки. И буквално е направена една анализа, еден сублимат на сите тие бројки. Значи на име на платени 29 милиони марки, 16 милиони марки ЗУС ја оштетил државата, затоа што некоја минорна сума и платил на печатницата "Киро Дандарот", ги испечатил за многу евтини пари тие работи, што требало да ги достави до МВР, а вишокот на тие пари е 16 милиони марки. Имаше и еден друг податок. Значи работата одела до таму што преводите, спомнаа некои колеги, наместо за 300 до 400 денари, плаќале за 800 денари.

Имав намера да спомнам за набавката на коњите, меѓутоа колегата Петровски ги спомна и во таа смисла нема да ги спомнувам така по детално. Меѓутоа, бидејќи овој материјал беше строго доверлив, знаеше македонската јавност дека биле набавени коњи, тоа цело време се повторуваше и во печатот. Меѓутоа, за мене интересно беше, јас би сакал овде десетте коњи, сепак, да ги прочитам. Тоа се: Пастув - Липицанер 640; Пастув - Липицанер 607; Кобила - Липицанер Муња; Кобила - Липицанер 462 - сива; Пастув ПЛК 608 - Денди; Кастрат ПЛК 655; Пиритус - Дорат; Пастув Холст 675; Кастрат ПЛД - Тајфун; Кобила ПЛК 658 и Кобила ПЛК 661.

Сите знаевме дека беа купени, меѓутоа како податок сепак се интересни. Ние овде како пратеници ги имаме овие податоци, меѓутоа јавноста вака по детално ги немаше.

Еве уште една работа со која навистина може да одиме во правец на дискусии каде повторно ќе се обидеме да маргинализираме некакви работи. Меѓутоа, една од работите која прилично јасно се отчитува врз Буџетот на секој граѓанин на Република Македонија, а тоа е кога сака да купи пасош, односно да го добие пасошот мора да плати пари. Сега замислете, 136 денари чини пасошот што бил плаќан на "Киро Дандарот" од страна на ЗУС, меѓутоа ЗУС потоа го препродавал за 651 денар. Погледнете која е таа разлика, колку тоа средства се земани, 131 денар спрема 651 денар. Овие ситуации сепак, колку и да

сме, еве имаше тука еден од пратениците кој спомна, можно е, сега народот се буни, тешка е ситуацијата, во оваа власт има сега некакви си личности што некаде ја злоупотребуваат, многу повеќе или помалку.

Меѓутоа, ако донесеме ние една политичка одлука во која што ќе кажеме некој правел нешто и е осуден, политички, а судовите нека го осудат поинаку. Мислам дека тоа е своевиден придонес кон демократијата во овој момент во Македонија, затоа што самата власт која што е во моментот треба да биде свесна дека во еден клучен момент, може и за неа истото тоа да се дискутира.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:** (Продолжение)

Во останатите извештаи, тука е мојата забелешка кон комисијата. Навистина премногу обемно, можеби има две три илјади бројки што ги дале. Овде просто е невозможно човек да се снајде во сите тие договори, така да кажам напумпани договори, односно земање на провизијата.

Ако за 29 милиони марки што платило МВР, 16 милиони марки некој земал ќар, а останатите бројки кој што Комисијата не ги сублимирала и ако ги соберете, излегува дека останатите договори што МВР ги правела се околу 44,5 милиони марки. Тоа е мојата втора забелешка. Значи дадени се колку вределе договорите, кажано е дека биле направени очи во очи со одредени фирми, ама не е кажан ваков сублимат, каков што беше, значи на 29 милиони марки, 16 милиони марки некој земал ќар и не е кажано на овие 44,5 милиони марки колку е заработено. Меѓутоа, ако одиме по таа пропорција излегува дека повторно некаде на кај 24 милиони марки, повторно некој ќарил.

Има еден драстичен пример, велам овде има безброј примери што биле така направени. Еден од примерите е со автомобилските гуми кои се неколку пати поскапи отколку што чинеле во обична малопродажба.

Интересен е ставот на опозицијата кој вели дека, еве се крена голема бука, се открија такви работи, ама судовите треба тоа да го решат. Точно така е, судовите треба да го решат. Меѓутоа, доколку судиите не судат, тогаш што правиме. Доколку судиите кои што до овој момент, скоро сите се уште се делегирани, односно се избрани за судии уште од времето кога СДСМ беше на власт. Значи, доколку тие судии не судат, тогаш што правиме. Тоа навистина е проблем. Ако се поднесат такви докази, го добивме дописот од Јавниот обвинител, кој што се уште е под строго доверливо, меѓутоа таму има наведено кои се обвинувања се покренати. Ако судиите не ги судат овие за кои веќе е покрената постапка, нека почнат да ги судат и ако се невини нека се докаже, ама да го завршат процесот.

Значи, ако судиите не си ја завршат работата, тогаш што? Ние овде ќе продискутираме, ќе донесеме нешто, опозицијата ќе се брани, потоа опозицијата ќе напаѓа. Ништо тоа нема да придонесе за Македонија, во смисла на развојот на демократијата, дека ако некој нешто направил треба да биде осуден, или пак да му се симне обвинувањето.

И овде од многуте дописи уште за една информација, а тоа е Информацијата што се однесува на Министерството за одбрана. Тука се спомнати со конкретни бројки и со конкретни договори или усни, или потпишани или некакви сертификати одобрени од страна на претходните два министри што управуваа со тоа Министерство, а тоа се господата Благој Ханџиски и господинот Лазар Китановски.

Извештајот се занимава со повеќе од педесетина договори. Јас ќе спомнам само два три, кои навистина ја прикажуваат комплетната хипокризија што владеела во тоа време, при донесувањето на одлуките за да се набави нешто или да не се набави.

Во 1996 година, се набавени 3.000 пиштоли, меѓутоа сертификатот бил бланко потпишан. Тоа е пропуст на министерот.

Во 1998 година, била формирана Комисија за набавки, повторно на некои оружја, меѓутоа откако биле добиени понудите, само потсекретарот лично одлучил, тој ја формирал Комисијата, а не ја свикал и сам одлучил за набавките. Во Анексот се доставени сите можни такви договори што се направени.

Интересна е работата за еден чамец, за потребите на Министерството за одбрана, во висина од 100 илјади марки требало да биде сумата, било јавно објавен Тендер во кој учествувале господата Јосифовски Дуке, Раповски Дане и Ханџиски Јован. Откако била добиена понуда која била најповолна понуда, меѓутоа понудувачот не бил од фирма која во тој момент имала благослов од актуелната власт и тие го поништиле

Тендорот и потоа со "Микеј", знаете имаше големи афери со "Микеј". Значи со "Микеј" е направен дополнителен договор, не за еден чамец, туку за два чамци, арно ама за 300 илјади марки. Значи Буџетот бил 100 илјади марки, понудила некоја фирма, не била таа во благослов, таа била отстранета и со "Микеј" е склучен договор за 300 илјади марки, ама за два чамца.

Меѓутоа, самите стручњаци од Министерството за одбрана утврдиле дека едниот чамец кога го испорачале тотално не бил во функција, не одговарал за потребите на Министерството за одбрана. Значи го прекинале, а биле исплатени 75 илјади долари, околу 150 илјади марки, за едниот што не одговарал. Сепак тука се реагирало и не бил набавен тој вториот. Арно ама, првиот како што реков е набавен за 150 илјади марки и плус да не одговара.

И уште една работа, нема повеќе да должам, затоа што мислам дека навистина денес ќе се наполниме со многу бројки, нема многу да запамтиме од тоа. Меѓутоа, оваа доста карактеристична работа, затоа што во натамошниот период додека сме пратеници уште две и пол години, постојано на колегата Лазар Китановски, ако дојде во ситуација нешто да се трвиме околу некое прашање, постојано ќе напомнувам како можел да потпише набавка на 12 оклопни транспортери, кои што покрај сите документи, откако се установило се, излегува дека за секој од нив по 200 илјади марки на име на увозничка провизија била зголемена цената. Не велам јас дека господинот ги земал тие пари, ама зошто дозволил на секој од тие 12 транспортери по 200 илјади марки да се зголеми цената. Тоа треба самиот тој, а и ние овде да се запрашаме и да си дадеме одговор.

Еве јас имам толку, останатите пратеници се надевам некои други аспекти ќе изнесат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Данило Глигоровски.

За збор се јави господинот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас не би сакал да ги коментирам извештаите ниту од МВР, ниту од Министерството за одбрана, иако веќе е тргната ознаката строго доверливо. Јас би сакал да коментирам нешто сосема друго.

Прво се до 1996 година се работело по закон од бившиот систем и на ова треба да посветиме доволно внимание, бидејќи системите во суштина се сосема различни.

Првото прашање на кое ние ќе мора да дадеме одговор е, дали применета на стариот закон доволно го штител во услови на пазарно стопанство, обичниот даночен обврзник, т.е. парите кој тој ги давал во државната каса. Ако ова го анализираме ќе дојдеме до заклучок дека, бенефицијата да набавуваш добра од јавен интерес не е само обврска пред граѓаните што ги претставуваш, т.е. квалитетно подобрување на животот во било која област, туку дека е одлично можно за префрлање на парите од повеќе даночни обврзници во џебовите на поединци. Секако дека сето ова е правено под закрила на постојниот закон, кој намерно не бил преадаптиран, бидејќи со неговата адаптација на современите топови, најголем дел од трансакциите би биле веќе од другата страна на законот.

Затоа сега имаме голем број на обвиненија кој гласат: ова се од заклучоците на Анкетната комисија во врска со МВР, под точка 3, 4 и 5 стои - постои сомневање за злоупотреба на службена должност. Така е и во 4 и 5, само имињата се различни, Љубомир Фрчковски, Томислав Чокревски, Славко Саздов. Слични имаме и во Министерството за одбрана исто така точка 3, 4 и 5 и овде стои, постои сомневање за појава, постои сомнение дека голем број на набавка се вршени без нешто и т.н.

Значи дека свесно е работено по закон, кој дозволува злоупотреба или накратко кажано, свесно организирање на криминал. После овој период следува преоден период, регулиран со уредба на Влада. Според извештајот 2 декември 1996 година, Уредба која е донесена и која важела до 1998 година. Оваа Уредба требало да направи компромис или да балансира помеѓу веќе гласното негодување на граѓаните од една страна, дека нивните пари се злоупотребени и желбата на властите да изгледа ем чесно, од една страна, ем да продолжи со користењето на бенефициите кои произлегуваат од набавките во име на народот.

Овој период завршува со конечно донесување на Законот за јавни набавки донесен во јуни 1998 година. Јуни 1998 година значи сам крај на мандатот на владеење на СДСМ, мандат во кој што тие

имаат апсолутно мнозинство во Македонскиот Парламент. Ова се факти.

Меѓутоа, мене ме нешто друго загрижува. Тоа е можноста дека и во новиот закол кој всушност и не бил практициран од претходната власт, не се оставени некои тајни пропусти или познати како дупки во законот, па да имаме и сега одлевање на државните пари. Од тие причини, бидејќи овде имаме специјалисти за јавни набавки, кои за жал во нашата пратеничка група ги нема, јас би ги замолил да ги кажат овие пропусти, да ги поправиме "свесно направените грешки" и еднаш засекогаш да ги тргнеме од дневен ред најразличните афери поврзани си јавните набавки, кои како јавни набавки ги имало, ги има и нормално секогаш ќе ги има. Или едноставно кажано да создадеме услови криминалците најчесно да си ја работат работата на полињата во Идризово, додека чесните, чесно и со кренати глави да си ја работат својата работа, па макар да работат и во политиката. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Горанчо Трајков за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, без оглед што уште на почетокот се отвори дилемата околу сврхата на основањето на Анкетната комисија, за испитување на јавните набавки во министерствата и другите органи и смислата на водење на оваа расправа, сепак мислам дека, покрај тоа што постојат различни мислења околу ова прашање, според мене, најбитно е тоа што стои во Уставот на РМ, во соодветните акти со кои се регулира ова прашање. Така што коментарите од типот "криминалот не застарува", дека "Собранието, ако не друго ќе врши влијание да се интензивира постапката пред надлежните органи" и слично, според мене се само политиканство и немаат основа во тоа што е суштина на прашањето.

А, суштина на прашањето е, според мене, според мое убедување, длабоко во следното - што е содржината на членот 76 од Уставот на РМ, со кој што е регулиран начинот на формирање на анкетни комисии, нивната надлежност и т.н. Според тој член, дозволете ми да го прочитам, во ставот 1 се вели: "Собранието основа постојани и повремени работни тела".

Под повремени работни тела се подразбира и оваа Анкетна комисија, всушност како и многуте претходни порано.

И, на крајот, откако набројувам кои видови на комисии формира Собранието и нивната постапка, вели "наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавни функции".

Според мене, ова е суштина на прашањето и ова е битно да го имаме предвид секогаш кога се поведуваме по иницијативи за формирање вакви комисии. Оттука, и кога се формираше оваа комисија, а и сега ќе повторам, дека, апсолутно е беспредметна работа и самата иницијатива за формирање на ваквата мисија, од причина што наодите на оваа анкетна комисија за која всушност расправаме денес се беспредметни, односно политичката одговорност ќе отсуствува и денеска, од причина што немаме такви носители на јавни функции. Едноставно се работи за време што не постои и со тоа завршува функцијата на Собранието, односно на Анкетната комисија по ова прашање. Не завршува работата на органите за прогон, на судовите и на надлежните институции што се обврзани и надлежни според Устав и закони да го спречуваат криминалитетот, митот, корупцијата и т.н. и т.н. И, тоа никој не го попречува, дотолку повеќе може од ова Собрание да се залага за таа работа.

Но, ние како Собрание, во случајот немаме надлежност и не смееме да се инволвираме во ова прашање. Напротив, Анкетната комисија се формира и ќе се формираат, денеска за среќа слушнав и изјава на претседателот дека, можеби веќе наредната ќе биде формирана комисија за актуелната власт, комисии што ќе се занимаваат со она што се случува денес за што ќе кажам подоцна.

Но, за претходните носители на јавни функции, апсолутно е беспредметна расправата и после информирањето на оваа Комисија. Додека органите на прогонот и судовите треба и без укажување на Собранието на РМ да си ја водат постапката и да ја утврдуваат одговорноста, за што имавме можност да ги добиеме и тие материјали што беа од доверлив карактер, каде што надлежните органи, Обвинителството, информира до каде е постапката со таквите предмети, кој ги води

тие предмети и т.н. и т.н. и, тоа се во рамки на процедура.

Ние, значи како Собрание, апсолутно сме надвор од таквата процедура.

Второ, мислам дека идејата да се формира Анкетна комисија што ќе ги испитува набавките во горе споменатите институции, значи министерства и други институции, според мое длабоко убедување, беше мотивирана исклучива од политички аспекти, што имаа за цел единствено политички реваншизам против политичките противници, односно опоненти во политиката. Вие знаете дека тогаш беше прва фаза откако се конституираа новите органи по изборите во 1998 година и занесени, сигурно во виорот на големите ветувања дека ќе се борат против криминалот и т.н. и т.н., предлагачите сметаат дека ова е еден начин како да се дојде до вистината, за тоа што се случувало во минатото и согласно тоа, да е преземаат адекватни мерки.

Но, при тоа, заборавија на оние прашања од уставно - правен и формално-правен карактер што ги спомнав, па затоа во еден период се повлекоа. На 3-4 пати ова Собрание беше доведено во ситуација да го продолжи мандатот, зошто комисијата не успеваше да ја заврши работата. На неколку пати беа прозвани претседателот и членовите на комисијата од страна на средствата за јавно информирање, зошто не ја завршуваат оваа работа и според мене, во меѓувреме настана една сосема обратна ситуација, постојните владеачки конјуктури, носители на власта навлегоа длабоко во исти, ако не и многу потешки ситуации и случаеви од тие што оваа власт ги расправа во Анкетната комисија за претходната.

Не треба да се заборави фактот дека во досегашниот период, откако е формирана оваа комисија, во исто време, надлежните органи покренаа постапки за тие случаи, за кои тие имаа информации дека нешто се случува. И, се поставува прашањето во која намена се заклучоците на оваа комисија денеска? Или сакаме да создаваме атмосфера, клима да тие органи, што од ден на ден се се под влијание на законодавната и извршната власт во земјата, да се дисциплинираат и да ја вршат постапката, можеби под пресија и дури и надвор од законската регулатива и надвор од тоа што се материјални докази за утврдување на одговорноста.

Зошто не се оставаат тие органи да ја вршат истрагата како што треба и да бидат самостојни во нивното одлучување, туку требало Собранието на РМ да испитува и да дава препораки на Обвинителството, на истражниот судија и т.н., како и каде се сомнева Собранието. Собранието не е истражен орган. Собранието одлучува за политичка одговорност на носители на јавна функција. За жал, таа димензија на надлежноста најмалку ја правиме, од причина што ние до ден денеска само еднаш после година и пол имавме можност да поставуваме пратенички прашања, основниот институт за контрола на извршната власт од страна на законодавната. Ние имавме редок исклучок да расправаме по интерпелации за министри, членови на Владата кои потоа беа затворани, како што беа, за што говореше господинот Биљали, каде што непосредно доаѓа до израз двојниот аршин на мерење на работите: кога треба да се расправа за Интерпелација за носител на јавна функција, што не ја врши таа функција, не дозволуваме расправа од причини што тој не е веќе носител на јавната функција, а кога се работи за претходните, тогаш отвораме расправа, формираме комисии дури и носиме заклучоци со кои сугерираме дури што треба да прават истражните органи, Обвинителството, МВР, па и судовите.

Дали имало такви дејанија во минатото? Тоа треба да го кажат истражните органи. Тоа треба да го кажат надлежните, согласно Законот, органи, а не Собранието на РМ, од причини што Собранието не се занимава со такви прашања.

Но, зошто се запоставува овој институт кога е во прашање, сегашната актуелна власт за која има надлежност Собранието на РМ и да формира вакви комисии? Зарем навистина сметате дека нема потреба од таква иницијатива?

Јас само ќе прочитам дел од насловите што само во последниов месец се појавуваат на сцената во РМ и тоа медиуми од сите провиниенции, не само од опозицијата. Еве, "Нова Македонија" вели "Афера луди крави", "Кој ги труе војниците во АРМ", "Никола Кљусев е министер - Законот за јавни набавки не важи", "Нов случај на криминал во Министерството за одбрана", "Човечка постапка во полза на граѓаните", "Реализиран милионски тендер што претходно бил поништен", "Кљусев купил 7 мерцедеси без тендер а

подготвува нови проекти", "ВМРО за кампањата потрошила 800 илјади германски марки од "Комуналец" во Битола", "ВМРО купува кокошарници", "ВМРО-овци почнаа да се тепаат поради бизниси", Турците ја финансираат и раководат со ВМРО-ДПМНЕ". (Реакции во салата). "Кој го плаќа Арбен Џафери", "Џафери молчи пред аргументите".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Зибери Информација имате друга.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, да, говорам за Информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

А, предложете, ќе формираме Анкетна комисија и за тоа.

Ќе ве молам држете се до Информацијата. (Реакции во салата).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не, ако не сакате да се соочите со вистината, еве, јас ќе ги покренам.

Но, тоа е ваш проблем. (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам......

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Тоа е ваш проблем.

Еден ден ќе се соочите со овој проблем за кој јас денеска укажувам.

(Реакции во салата).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па, добро, ова не е библиотека овде, па ќе ги читате насловите на весниците.

Ги имаме прочитано, видено сега, народот има прочитано. Што сега?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Вие создавајте услови јас да му се обратам на Собранието....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте, држете се за темата на расправа денеска.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ама, не се надлежност, не се надлежни пратениците на ВМРО да укажуваат, вие сте. Создадете услови, атмосфера.....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ви укажувам, вратете се на темата.

Ќе ве молам тишина.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас имам збор. А. се знае, всушност.....

(Реакција во салата).

Господине Томе Стојановски, ако нешто не ви се допаѓа од ова што јас го кажувам, повелете на говорница. (Реакција во салата).

Повели на говорница.....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да реплицирате. (Реакција во салата).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Е па, кој лаже, јавноста во Македонија знае. (Реакции во салата).

Да, да, Томе Далавера се знае. (Реакции во салата).

Јасно е, јасно е. (Реакции во салата).

Додека за овие прашања господа пратеници се санкционира со закон, во Законот за политичките партии јасно е кажано, во делот на финансирање во работата на политичките партии, меѓу другото стои - политичките партии не можат да стекнуваат средства за своето дејствување и ги набројува основите.

И, стои "политичките партии не можат да стекнуваат средства за своето дејствување" и ги набројува меѓу другите, основите. И стои "од претпријатија со општествена и државна сопственост, вклучувајќи ги и тие кои започнале процес на приватизација". (Реакции во салата).

Тоа ве боли господа, јас сум свесен дека ме боли. Но, тоа е вистината.

А, немојте да заборавите дека ќе дојде еден ден времето кога ќе полагате сметки за ваквите постапки. Да, да, ќе дојде времето. (Реакции во салата).

Да, ќе полагате, ќе полагате. (Реакции од место).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во извештајот, меѓу другото, во точката 3 стои - Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на поранешниот министер Љубомир Фрчковски, а меѓу другото се набројува и опремувањето на гостинската вила на МВР.

Јас ќе ве прашам колку чинеше опремувањето на таа вила и колку денес потроши господинот премиер Љубчо

Георгиевски за опремување и адаптација на истата. (Реакции во салата).

Не е проблем. Знам дека за вас нема проблеми. (Реакции во салата).

Да, да, да...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

(Предупредува за ред со звончето).

Ќе ве молам, ќе ве молам, не дофрлувајте од место.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И опремувањето на таа вила, господине Флоровски е направена исто без тендер.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Од место). Кој ти кажа?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, да. Вашиот премиер призна. Да. Како што и ова Собрание, не, не сум слабо информиран, многу добро сум информиран, како што и денеска ова прашање што се обидуваме конечно на јавноста да му го ставиме, да му го предочиме со овие икони овде што не опкружуваат е направено на ист начин. Во вашата белешка што сте ја понудиле, меѓу другото стои дека е побарано, Комисијата побарала од одредени автори да изготват вакви мозаици, а вредноста на овие мозаици е 120 ДЕМ. Вие значи сте го правеле без тендер.

И, вие обвинувате некој порано дали почитувал закон, дали почитувал одлуки, дали почитувал правилници од тогашното време? Па, вие ја продадовте "Окта" за стотина милиони германски марки во четири очи, господа. За што вие зборувате? Тука спомнувате ремени, каиши, вакви, такви. Тоа се детски работи во споредба со тоа што вие го правите. (Реакции во салата).

И, конечно, гледам дека не можат да издржат господата од ВМРО, јас знам дека ги боли, но за жал вистината е таква, предлагам:

1. Собранието на РМ да не го прифати извештајот на Анкетната комисија, затоа што истиот е беспредметен и надвор од одредбите на Уставот на РМ.

2. Собранието на РМ да донесе заклучок со кој ќе формира Анкетна комисија за испитување на јавните набавки и работата на министерствата и другите органи што се финансираат од Буџетот на РМ, како и јавните претпријатија и да ја утврди политичката одговорност на истите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Насер Зибери.

Ќе ве молам, ќе ви дадам збор, јас сакам да прокоментирам и јас сум спомнат сега, ќе ве молам Флоровски!

Ќе ве молам ќе ве молам седете сега. Јас давам збор.

Анкетната комисија се формира за откривање на одредени состојби во одделни сегменти на државната сфера, каде постои основано сомнение дека незаконски се трошат државни пари.

Не се овде првенствено во прашање поедината одговорност на одделни личности, политичка или кривична и т.н., туку првенствено сме должни како Собрание да направиме проверка каде се потрошени парите на граѓаните. Тоа сме должни. Тоа се буџетски пари. И, треба да кажеме имало ли пречекорување во трошењето или немало.

Ние, напаѓаме една појава и ме чуди што г. Зибери се бори против тоа и против таквата појава.

Не сакам да верувам дека и тој се плаши од некаква негова идна одговорност, кога ќе дојде Министерството за труд и социјална политика, бидејќи верувам дека штом се бори против таква појава, дека нешто би требало да има.

Повелете господине Зибери, имате право на реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, господине Климовски, со задоволство јас ќе одговарам кога ќе биде тој извештај.

Се надевам дека нема да ја злоупотребите положбата што ја имате, како што ја злоупотребивте за мозаиците, па да ни наметнете други извештаи од министерствата.

Но, јас, многу - многу од тоа не се плашам, зошто знам дека совеста ми е чиста, за разлика од вас што ја ставивте во заблуда и јавноста и ова Собрание, дека овие мозаици биле направени од претходната комисија, а биле од ваша. Тоа е една работа.

Второ, апсолутно јас не сум против тоа....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине, дали сум во заблуда ставил или не, ќе процениме понатаму.

Но, навистина би сакал јас да бидам во заблуда за една ваква работа, а да бидам во право за она што го констатирав пред малку.

Навистина ќе биде голема разлика во тежината на она што го говориме.

Но, да го оставиме тоа за следниот пат, ќе го расчистиме и тоа прашање.

И по тоа ќе разговараме и ќе донесеме експерти и ќе утврдиме кој и зошто се овие ставени овде и дали сум јас во заблуда или сте биле вие во заблуда.

Но, за тоа ќе разговараме понатаму.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, да, меѓутоа вие сега не дозволувате за тоа да се расправа, а белешката е од вашиот секретар доставена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Белешката Ви е информативна и ќе ве молам, должни сме ние двајцата еден према друг, да поднесеме извинување, доколку се утврди во чие време е утврдено ова што е направено. Но, меѓу нас двајцата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, точно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И, ќе биде.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Дали вие, еве ве прашувам, дали вие верувате на белешката што ја изготвила вашата служба, вашиот секретар? Па, читајте ја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Докажете го спротивното, ќе поверувам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Прочитајте ја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, не сакам за тоа повеќе сега да расправам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Нормално дека не сакате. Немате аргументи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално, има збор г-динот Петар Гошев.

(Реакции од некои пратеници во салата).

Процедурално, сака да постави г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Бидејќи од оваа дискусија произлегува дека е општ криминал на сите страни и порано и сега, јас предлагам да се распишат нови парламентарни избори и тогаш претпоставувам дека Либерално демократската партија ќе ги расчисти овие работи, Вие не можете меѓу себе. (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина имаме многу интересни предлози.

Обично, како беше онаа поговорка, "Она што и се сонува на бабата, тоа сака и да и се реализира".

Ќе Ве молам, ако можеме процедурално да завршиме, затоа што имаме многу пријавени дискутанти.

Процедурално има збор г-динот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не го слушнав претседателот како рече - "Гладна кокошка просо сонува".

Сакам следното да го кажам, бидејќи повеќепати беше апострофирано овде, фактички беше искажан сомнеж во работата на оваа Влада.

Сакам следното да го кажам: Како член на оваа Комисија, а верувам и кај целата парламентарна група, постои подготвеност кај нас, доколку се има сомнеж, а и не само заради сомнежот, туку во името на вистината, тоа може да се направи. Дали ќе биде сега или на некоја друга седница, постои подготвеност за отворање на одредени проблеми, пројавени од овие министри.

Значи, не правиме разлика дали се тоа министри на СДСМ или на ВМРО-ДПМНЕ. Тие што се криминалци, дали припаѓаат на една или друга политичка партија, нам ни е се исто, бараме функционирање на правната држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално има збор г-динот Илија Прангоски, а потоа Вие ќе добиете збор, (му се обраќа на потпретседателот Томислав Стојановски).

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Г-дине претседателе, пред малку се јавив со реплика.

Сега го користам моето деловничко право, да се јавам за збор процедурално.

Навистина постои една тенденција за замена на тезите. Јас молам следниот тек на седницата да се одвива во правец на Извештајот на Анкетната комисија, за испитување на јавните набавки без вешти подметнувања и прејудицирања кои што прави, кој како правел, кои се подобри, кои

се полоши. Бидејќи имаме материјал многу релевантен, докажан фактогравски, мислам дека секое бегање од овој материјал, е намерно, тенденциозно, да се насочи дискусијата во друг правец.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека на почетокот тоа беше кажано.

Реплика има г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се обраќам на г-динот Зибери, дел од пратениците овде што седат не го паметат како дојде во Собранието 1991 година. Меѓутоа, за среќа, бевме заедно.

Бил некаде некој си новинар, дојде со точак и крпени гаќи. Сега одеднаш не може ни композиција да го дигне и тој се дрзна да ми го спомене името во погрешно издание.

Г-дине Зибери, ти си далавера, јас сум Даравела. И ако сакате да разберете што правите и како чините, ќе те прашам само едно, не мораш да ми одговориш, пред колегите и јавноста да кажеш колку чинеше еден даташман, односно една дозвола за одење во Германија, додека беше министер за труд и социјална политика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега сте прозвани г-дине Зибери, мора да одговорите.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Најпрво да кажам дека е несреќа што се наоѓаме во ист дом јас и г-динот Далавера, но тоа ни била судбина и од судбина бегање нема.

Сега со контра прашање ќе му одговорам: Како се викаат тие што гледаат по туѓи гаќи и второ, колку чини една композиција да се внесе без царина во Република Македонија и да излезе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам, по три реплики имате, не ги користите барем тие три реплики.

Повелете, г-дине Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете што, зависи во какви гаќи ќе гледаш, само кај тебе кој да гледа, нема што да види. (Смеење од пратениците во салата). Тоа е едно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да го сочуваме достоинството на домот, немојте така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете. Ако барате нешто одговор за композиција, мене ми се чини разговаравме на таа тема, Вашата композиција беше од 10 камиони. Вие знаете колку чини, не јас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, да ја прекинеме расправата.

Навистина, немојте Талевски.

Дали е повеќе процедурално?

Да оставиме Талевски. Добро, повелете.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, барам од Вас да не дозволувате да се деградира дискусијата, да не дозволувате да се деградира Собранието.

Како член на Анкетната комисија, јас лично не сакам да дозволам девалвација на нашата работа. Тоа е во тој дел.

Во делот на цитирањето на новинарски натписи, ќе се сетите дека заседовме став да не ги земаме за релевантни податоците од медиумите. Ако сакаме релевантни податоци, имаме еден куп пред нас од министерства, од заводи за вештачење и од други институции.

Ве молам, како претседател навремено да реагирате на такви појави.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја прифаќам Вашата сугестија и по стоти пат кажувам да се држиме за материјалите, да не употребуваме други имиња, а да не говорам наслови на весници и сето тоа.

Тоа може да послужи да се создаде едно јавно мислење, јас се согласувам со Вас, но не овде да се спомнуваат.

Има збор г-динот Фадил Бајрами.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Имам реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не Ве спомна Вас.

Добро, г-дине Бајрами, реплика има г-динот Зибери, па ќе Ви дадам Вам збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во интерес на повикот и на претходниот дискутант да се сочува достоинството на ова Собрание, јас нема да паѓам на такво ниво, а всушност македонската јавност знае многу добро кој е г-динот Томислав Стојановски, алијас Далавера.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, завршуваме со расправата. Г-динот фадил Бајрами има збор.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, како член на Анкетната комисија за јавни набавки, мислам дека до тој рок до кој ние работевме на разгледување на материјали за некои од министерствата, е констатирано дека постои сомневање за злоупотреба на службена положба и пречекорување на овластувања од страна на поранешни министри и други носители на функции. Тоа е очигледна работа и Вие, колеги пратеници, можете и самите да се уверите од добиените материјали што ги имате пред себе.

Исто така и во Министерството за одбрана и во Министерството за внатрешни работи се формирани посебни внатрешни комисии за јавни набавки, кој ја констатирале истата состојба. Мене ми е познато, Јавното обвинителство некој пат и без материјали, но со добиени информации, има право да покрене постапка за разни дела или зло дела, но до ден денес уште не ми е јасно зошто никој не е повикан на одговорност, иако според мене има доволно докази за тоа.

Јас не сум од тие што делам правда, ниту пак сакам некој што не е виновен да одговара, но просто се чудам на однесувањето на некои лица, кои се спомнати во овие материјали, како на пример г-динот Китановски, Фрчковски, Чокревски и некои други, кои наместо да станат и да му се извинат на народот и на нивните избирачи, за тоа што го правеле до сега, тие се уште повеќе гласни и имаат храброст да ги осудуваат другите за корупција, криминал и така натака.

Очигледно е дека за тендерите за јавни набавки, кои во многу случаи и ги немало, е констатирана злоупотреба во наменското користење на буџетските средства, во моменти кога било потребно како на пример опремување и реновирање на Гостинската вила на МВР, набавување на очила, спонзорство, порачка на оклопни транспортери и т.н. Тоа е уште еден доказ дека некои од нашите колеги треба барем да се срамат кога ќе влезат во парламентот, а не со часови да ни држат лекции дека се чисти пред народот и пред Господ. Оваа одговорност ја барам не само за оние кои го пречекориле законот, туку и за оние кои ќе дојдат после нас, да бидат внимателни и да бидат совесни за обврските и работите кои ги извршуваат.

Не се согласувам со изреката - прави што сакаш за време на функцијата која ја имаш, бидејќи се во прашање средства од народот, а ние добро знаеме дека голем број луѓе одвај го поминуваат месецот со скромни лични средства, а многу семејства ги немаат и тие.

Како член на Комисијата јас сум разгледал над илјада страници и имам доволно докази да аргументирам и други работи, но не сакам да ве оптоварам и да ја преземам улогата на правосуден орган.

На крајот, во мое име и во името на пратеничката група на ДПА, ги подржувам предлозите на Комисијата за јавни набавки и барам да се усвојат од пратениците.

Исто така, барам и да се продолжи рокот на оваа Комисија до месец октомври, за да имаме можност да ги разгледаме и материјалите од другите министерства, за да се констатира евентуалното пречекорување на функциите на министрите и другите носители на функции. Тоа го бараме и заради тоа што веќе треба да расчистиме со некои министри, со некои директори од јавни претпријатија што порано работеле и како работеле, па не сме и против тоа, ако е потребно, да се формира и нова Комисија и за работата на денешните функционери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Фадил Бајрами.

Има збор г-динот пратеник Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Би сакал да ја почнам својата дискусија со чинот предизвикан веројатно со дискусијата на г-динот Ѓорѓи Спасов и мислам дека беше навистина инспиративна во однос на давање еден одговор од наша страна, затоа што мислам дека навистина дојде апсолутно во едно извртување на логиката и до извртување на тезите во целиот случај, така што беше наметната тема за целесообразноста на Анкетната комисија, дали била потребна или не била потребна.

Се зборуваше и во друга насока, околу тоа дека исти такви девијантни појави има и во актуелната власт и т.н. Би сакал навистина да останеме во рамките на она што е денешната точка на дневен ред, значи да го прифатиме она што веќе сме го усвоиле и да разговараме по дневниот ред и по точката на дневниот ред, а тоа е Извештајот на Анкетната комисија за нејзините конкретни задолжувања.

Инаку, апсолутно се согласувам со предлогот на г-динот Спасов, а во таа насока мислам дека беше и зборувањето на г-динот Зибери, кој што нешто како да не плашеше или се закануваше или не знам што, дека ќе

се соочите и мора да се соочите со вистината околу работењето на актуелната власт.

Мислам дека нема зашто, затоа што апсолутно секој што е на власт мора да биде спремен секој пат да се соочи со одговорностите и апсолутно ги подржувам идеите дека и актуелната власт мора да биде под лупа, така што мандатот може да продолжи, апсолутно, на Анкетната комисија и секој пат мислам дека токму во насоките во развојот на демократските процеси во Македонија, мора да одиме во таа насока секој пат да бидеме спремни да разговараме за вака клучни проблеми, кои навистина длабоко ја засегаат македонската јавност. Затоа што навистина на крајот на краиштата, можеби и нашите главни определби и на коалицијата за промени, а верувам дека не постои таква политичка партија, дали е од позиција или од опозиција, нема да истакне во своите залагања и во својата платформа дека една од најбитните програмски определби е токму развивање на демократските процеси и тоа гледано од аспект на најчувствителните би рекол проблеми, кои можат да ги загрозуваат демократските процеси. А тука сигурно спаѓа борбата против криминалот, корупцијата и т.н., така што мислам дека од тој аспект би требало да се гледа целиот проблем.

Исто така, би сакал да зборувам и од еден по друг аспект, кој што веројатно има и феноменолошка...

Ве молам, кој разговара, навистина нека си излезе надвор.

Ако не, ќе ја прекинам дискусијата, нема потреба да зборувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, ако продолжите и понатаму вака да зборувате...

(Им се обраќа на некои пратеници во салата).

Ве молам, да го сослушаме говорникот.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Мислам дека тој феноменолошки аспект навистина заслужува внимание.

Значи, не е работата само да зборуваме конкретно околу одредени бројки и т.н., затоа што бројките некој пат можат да бидат релевантни, некој пат можат да створат забуна и т.н., особено што еден ваков извештај како што го добивме беше оптоварен и се чини со голем број информации, дури и на недоречени информации. На пример, скоро 90% од информациите во извештајот, ќе забележите дека главно е глобален, така што и да сакате да направите стручна по детална анализа, мислам дека ќе бидете оневозможени, затоа што на пример имате дека не знам колку средства биле потрошени за одредени јавни набавки, меѓутоа од другата страна немате зошто се потрошени, која е бројката, што е точно купено.

Значи, едноставно не можете да направите споредби, да поделите според бројот на предметите и т.н., за да дојдете до некои конкретни бројки. Меѓутоа, внатре во материјалот има, од друга страна одредени сублимати до кои доаѓа Анкетната комисија, кои навистина можат да бидат индикативни и во смисла на некоја аналогна постапка, кога ќе ги прочитате мислам дека можат да делуваат дури застрашувачки.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Јас навистина, лично се откажав да правам некоја анализа на целиот материјал, почнав со материјалот од Министерството за внатрешни работи, а мислам дека кога го поминав тоа изгубив желба да одам понатаму.

Затоа што во тој материјал сметам дека сам за себе има доволно индикативни работи, кои што се застрашувачки и воопшто не можат да бидат третирани така периферно, како што сакаат да ги прикажат опозицијата, а некои дискусии, можеби намерно, несвесно, едноставно ја немаат таа сила да го извлечат акцентот и сублиматот во целата работа.

Тука има навистина, работи, што се толку битни, бидејќи веруваме, дека сепак се направени од експерти, еден вид на експертиза на стручни луѓе од самите министерства, а тоа е разгледувано од Анкетната комисија, има доволна основа да се донесува констатација, дека се работи за основани сомненија, што не значи дека тоа е некаква основа. Инаку, крајниот збор секако, ќе го имаат правосудните органи.

Од тој аспект, ако се гледаат работите, навистина, имаат загрижувачки работи, кои што не мора да се однесуваат само на претходната власт, тие се исто толку застрашувачки и за оваа власт. Наполно ја имаат истата тежина, затоа апсолутно поддржувам и понатаму таа контрола ја воспоставуваме и на тој начин навистина го заштитуваме јавниот интерес и националниот интерес, државниот интерес и т.н. Затоа што навистина, не е едноставна работа луѓе кои што се на клучни позиции, политички, едноставно не одговорно се однесуваат, према јавните материјални средства, према

парите и така едноставно да ги крцкаат.

Мислам дека тоа заслужува посебно внимание и ми се чини дека нема сила, која што може да отповргне некои констатации, кои што се толку евидентни, на пример во некои поразвиени демократски средини, кога би се соочиле со такви бројки, тешко можат да се соборат и да се демантираат, тоа не би било на ниво на апсолутен јавен скандал, туку навистина, би по примило стравично тешки, општествени и политички димензии.

Кога сме веќе кај феноменологијата, ова навистина се случува во еден период од почетокот на 1991, 1992 година со создавање на нашата самостојна Република Македонија и тоа е едно навистина тешко, чувствително деликатно време на транзиција, која што навистина носи една тешка ситуација, тешка историска ситуација, не позната историска ситуација, каде што имате комплетно променети општествени односи и политички на цел еден систем, и т.н., што скоро и да е непознато, во еден реверзибилен контекст во светската историја.

Значи, имате нешто, што навистина би рекол, од ситуација на "скршено јајце" повторно да го вратите на позиција на "здраво јајце". Така што, во тој период, се јавуваат и политичари, луѓе кои што навистина во своето делување покажале, не само не одговорност, или не зрелост и апсолутно, мислам дека делуваат и навистина делуваа на еден начин на појавност на егзистирање и т.н., која би можело да се оквалификува или така описно да се нарече, на ниво на еден политички сурогат.

Мислам дека, од овој аспект интересна е анализата, која што јас се обидов да ја направам во МВР. Од една страна навистина имаме политичка личност, која што во тоа време го води министерството, со еден така наречен, би рекол "беграунд" политички, интелектуален, која што би требало да ветува една сериозност и би рекол, еден вид на длабоки, искрени, демократски постулати, во неговото делување, меѓутоа кога ќе се анализира целата работа, мислам дека човек апсолутно доаѓа до таа слика на политички сурогат во неговата работа, значи на нешто што е практично еден квази интелектуализам, една не постојаност, травестија и т.н., така да имате луѓе, едноставно во тој период, кој што во своето политичко делување мислат дека се убедени дека апсолутно можат да покријат се. На пример, до тој степен се оди, што имате во самото делување на личностите од нешто, што се вика апсолутно демократски определби, како борец за човекови права, слободи и т.н., доделување на пример на ист човек, во сферата на полицијата, како прв полицаец, така што имате едни антиподи, што се тешко споиви во тој период.

Би сакал и од тој аспект, да кажам дека во тој период веројатно би можеле да зборуваме за нешто што спаѓа, би рекол и во сферата на стручноста, во сферата на нешто, што би можело да се окарактеризира, во смисла на политички морал и т.н., во своите делувања.

Конкретно анализирајќи ја дадената материја, човек се соочува со такви евидентни, страшни факти, што едноставно, не може ни да поверува дека тие се случувале во една земја, која што сигурно претендирала и се залагала, во своите напори да изгради правна држава, да изгради еден демократски систем, а од друга страна, доаѓаат луѓе кои што, во исто време пишуваат теории за демократијата, кои што се залагаат за човекови слободи, права и т.н.

Сега мислам дека тој аспект навистина, заслужува внимание, затоа што доаѓаме едноставно до ситуацијата одговорни политички личности, кои што се на клучни позиции и кои што ја имаат и извршната власт, се доаѓа до тој степен на демагогија, што едноставно имате продавање "На рок за сфеќа" Тие работи, упорно со години се обидува да бидат фрлени во едно друго поле, да бидат маргинализирани, да се минимизираат средствата за јавно информирање и т.н., дека тоа нема врска, дека се тоа "Испунпани балони" дека практично, се замаскируваат со одредени други дејности, како на пример спонзорства, дека се даваат пари за унапредување на културата и т.н.

Се мешаат работите во суштина, што е недозволиво за луѓе од сериозна политичка провиниенција. Не може да стане збор за никакви спонзорства на пример, од еден министер за внатрешни работи, во областа на културата. Зарем е толку неписмен политички, зарем не знае дека тоа спаѓа во сферата на Министерството за култура. Тоа се елементарни работи. Една неверојатна неписменост. Зарем не се знае дека тој ист министер, не можел во Владата да укаже на тоа дека проблемите од областа на културата, треба да се решаваат исто така од буџетски пари во областа на културата и да не доаѓа до никакви замени и превземање на некои ингеренции, кои што потоа би служеле за одреден алиби, дека сепак тука нема сериозни работи, дека нема сериозни узурпации, криминал, корупции и т.н. Се работи едноставно за финансирање на

културни манифестации, за книги, за купување на уметнички предмети и т.н. Ова е не сфатливо, неверојатно.

Значи, во една политичка личност, вие имате практично: квази филозоф, квази политичар, квази уметник, квази џокеи, кои што коњи увезува, одбира и т.н., имате квази декоратер, како да опреми вила. Тој ист човек, кој што, да речеме, од друга страна, кога ќе се направи сериозна анализа, а ќе ја направам сериозната анализа. Ќе видите дека, од друга страна, такви средства, пари од овие граѓани, кои што излегуваат на улица и ги има 8 или 10 илјади, а некој гледа и 30 илјади, во свое време, пари кои што се јавни и кои што доаѓаат од порезот на тие граѓани се употребени во работи, кои што не можат на никаков друг начин да бидат окарактеризирани, туку како криминал. Ќе дојдеме подоцна и до тие работи.

Кога сме веќе околу некои бројки, да појдеме од некои еклатантни примери, каде што навистина не ми е јасно, има еден Завод за унапредување на стопанството, со сите обрасци што се нарачуваат од Министерството за внатрешни работи, каде што во период од 4 години, се трошат 34 милиони марки и тоа толку не интелегентно да се направи од дотичниот господин, кој претендира на голема интелегенција, да се дојде до позиција, истата работа ЗУС ја нарачува од Киро Дандаро со една сума од 136 денари, а да ја фактурира до Министерството од 651 денар. Тоа се такви примери, што било која средина, не само што би ги осудила, туку би барала по итна постапка да се води политички процес, односно процес кој мора да се заврши во нешто што е правосуден орган, обвинителство.

Овдека ние конкретно прочитавме, дека се формирани некои кривични пријави. Тие кривични пријави се направени и се донесени врз база на самото министерство, односно самата комисија во министерството и Анкетната комисија во Собранието, како што гледаме тоа е усвоено со ниеден глас против, туку со два воздржани и т.н. Тие кривични пријави, кои што фаќаат свој нормален тек, одеднаш се губат.

Јас се прашувам, на кој начин и кој е мотивот, одеднаш тие процеси, што се почнати да бидат инхибирани, или не знам, ставени во фиока, да немаат еден нормален, дури и ургентен тек на настаните. Правосудните органи ќе оценат дали навистина се работи за основано сомневање или се работи за нешто спротивно во целата работа.

Меѓутоа, не може никој да ме убеди дека ако и самата Комисија, дури многу благо заклучува, дека во бројката од 44 милиони марки и кога би се преполовила таа бројка, повторно се работи за длабоко преплатена работа. Значи, се работи за околу 25 милиона марки. За сериозна сума. Ако за оваа земја 25 милиона марки не е ништо, тогаш навистина проблемот треба да го бараме на друго место и би бил многу сериозен по сите нас и би имал сериозни последици воопшто по државата и по нејзиниот опстанок.

Према тоа, апсолутно не можете на ниеден граѓанин на оваа земја да му објасните кој што знае на пример, дека еден килограм леб чини 20 денари, некој да ви го откупи лебот од буџетски пари за 100 денари. Тоа е не одрживо. Кој може тоа да го правда и да го брани. Тврдам дека тоа апсолутно никој не може, затоа што тоа е апсолутно навистина злочин и криминал према граѓаните и према нивните пари, што од даноците одат во државниот буџет.

Такви примери има многу. Јас не би сакал да се занимавам со сите нив. Тука се транспортерите, кои што се 165 илјади долари, кои што по процената и по оперативните сознанија, на самиот МВР, не чинат повеќе од 70 илјади долари. На 12 транспортера, тоа се милион и четиристотини долари. Не може повторно да се каже дека тоа не е ништо. Тоа не стои. А да се замаглува целата работа, да се фрла на линија дека, тоа биле печатени книги, дека биле поттикнувани културни манифестации, од еден министер за внатрешни работи, а не од министер за култура, ќе ме извините, тој министер за внатрешни работи, треба да знае основна работа, дека таквиот начин на работење, е својствен за тоталитаристичките системи. Тоа можевме да го видиме во нацистичка Германија, во Болшевичкиот Советски Сојуз и т.н. Дури и во комунистичка Југославија, каде што министерот за внатрешни работи може да биде мецена, може да плаќа од касата на внатрешни работи, по свои наоѓања и по свој ќеф. И да се прават такви трошоци, кои што немаат никаква врска со потребите на Министерството за внатрешни работи.

Јас не знам во која земја се случувало. Навистина не ми е јасно. Поразително делува, кога човек ќе ги прочита овие податоци, кога ќе дојде до вакви сознанија.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжение)

Првиот впечаток е или сакаме да бидеме земја Будалија, каде што може се да се направи и после тоа во име на една

демагогија со некои интелектуални: еквилибристики да се изведуваат разни теории, каде што мора човекот да биде, не знам амнестиран, затоа што е, не знам, алтруиста дека водел сметка за култура, дека вози точок со штипка на панталони, дека во исто време може да купи саат од 30 илјади марки Картие, кој што не го оповргнува, со плата од 1000 марки и т.н.

Мислам, еден комодитет, феноменален комодитет, така што навистина се работи феноменолошки се работи за сериозни работи. И, кога почна ова дискусија намерно не сакав да стиснам копче, туку сакав да видам во кој правец ќе оди целата работа. Дури и се посомневав дека може целата оваа седница да помине без дискусија. Секако, затоа што во политичкиот живот на Македонија се е можно, ковертирања, травестија, моментални интереси, префрлање од ваму, од таму и т.н.

Меѓутоа, мило ми е дека, сепак тргна дискусијата во еден прав правец. Мислам дека мора да ја има онаа тежина, која што навистина еден ваков сериозен проблем заслужува. Затоа што, мислам дека без расчистување во овој домен на работите, никогаш нема да дојдеме до нашето место во европските структури дека основната пречка за нашето доближување во Европа во овој момент, покрај развојот на демократските процеси, покрај структурните реформи, ќе биде како третиот сегмент, точно тоа што е рак рана на сите општества и држави во транзиција, а тоа е криминалот и корупцијата. Така што, мораме да бидеме спремни, навистина, решително да се фатиме со тој проблем и да ги оставиме судските органи да си ја тераат својата работа и да дојдат до она до што ќе дојдат, мислам до оние резултати.

Од друга страна, повторно сакам да го повторам тоа дека апсолутно ја поддржувам идејата и актуелната власт да биде под лупа на исто вака анкетни комисии. Затоа што, не можам да се сложам во многу по развиени демократски општества, функционираат анкетните комисии, поготово на вакви работи кога се работи за корупција, за криминал, каде што за работи, за сегменти кои што навистина длабоко ги потресуваат темелите на правната држава.

Така што, без тоа нема понатаму, мислам треба да ни биде јасно и нема тука никакво бегање од одговорноста. Така што, на господинот Зибери би сакал да му кажам дека со задоволство треба Парламентот да ги прифати предлозите и предлогот на господинот Зибери и предлогот на господинот Ѓорѓи Спасов, во таа насока да се продолжи, ако сакаме навистина да искорениме едно зло, кое што длабоко ќе ги нагризе темелите, кревките темели на она што треба да биде воспоставување на демократски правна држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Попов за учество во расправата.

Господине Зибери дали вие имате мала реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Навистина, се чувствувам добро што господинот Столе Попов ја извади расправата од тоа ниско ниво на кое падна, за жал пред малку и да истакнам дека апсолутно се согласувам со сите негови тези по однос на ова прашање и оваа проблематика.

Не го знам неговиот личен став, но на ДА го знам, оти само пред неколку дена ние тука имавме прилика да расправаме за еден поинаков сегмент, но за истото прашање.

Дискутираме за средства кои се прибираат по разни основи од граѓаните, а ги троши власта. Не говориме сега случајно ВМРО или до вчера беше СДСМ и т.н. Ние прифативме, кога велам ние зборувам за мнозинството каде што припаѓа и господинот Столе Попов, почитуваниот Столе Попов, да го измениме Законот за извршување на Буџетот и да дозволиме на органи кои по сила на законот имаа овластена положба во државата, средствата кои ќе ги прибираат врз основа на практицирање на власта, да можат да ги употребуваат за лични доходи и други намени.

Замислете, земете го само сегментот Министерство за внатрешни работи да те казнува согласно Законот и тие пари со кои ќе те казнува, да исплаќа лични доходи. Ако веќе сакаме да бидеме принципиелни, тогаш треба до крај да бидеме, а не кога ни се нудат такви акти или молчиме, или дури и ги гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за репликата.

Дали уште некој се јавува за збор.

Господинот Ѓорѓи Спасов се јавува за реплика.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас му благодарам на господинот Столе Попов за принципиелната поддршка, дека треба да се формира Анкетна комисија, која ќе ги испита јавните набавки во овој период на оваа власт, за да се воспостави на некој начин модел на социјално поведение на

политичарите на Македонија и мислам дека тоа сигурно ќе даде придонес во насоката на создавање до една клима на доверба и одговорност кон оние што се занимаваат со политика во нашата држава и поубаво ќе не претстави во Европа.

Меѓутоа, сакам да кажам дека мојата поента на самиот почеток од расправата, беше дека е погрешно Собранието да донесува заклучок за основано сомнение за кривични дела, во однос на лица кои што не подлежат понатаму на политичка одговорност пред ова Собрание. Зошто тоа го кажувам?

Затоа што тоа е така напишано во Уставот. Анкетните комисии се формираат исклучително за одговорноста на функционери кои што се избрани од ова Собрание и за кои што ова Собрание може да ја утврди нивната политичка одговорност, по што практично надлежноста на ова Собрание завршува, а продолжува надлежноста на другите правосудни органи. Го кажав, меѓу другото тоа, за да не се претвора Парламентот, сепак не само во орган кој што ќе донесе заклучок за некакво основано сомнение, туку кој што ќе им даде прилика на луѓето да елаборираат во целост, обвинителни акти во однос на луѓе, кои што ниту се присутни во овој Парламентарен дом, ниту пак имаат некаква можност за време на таквиот обвинителен акт самите да се одбранат.

Мислам дека, не треба да дозволиме да им го правиме на другите она што не би сакале да ни го прават нас во наше отсуство. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Спасов во учеството на едно мало појаснување, би рекол, како реплика.

Господинот Стојан Попов побара да одговори на репликата.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Ќе одговорам на репликата на господинот Ѓорѓи Спасов.

Се работи практично за следново, јас можам делимично да прифатам за тоа какви се одредбите, дали уставни и т.н. и тоа ние веќе оваа одлука ја донесовме и Анкетната комисија е формирана, таа работеше и ние сме должни да разговараме врз основа на нејзиниот извештај.

А, од друга страна ако постојат такви одредби, веројатно и ќе треба да се сменуваат. Дека бидете убедени, секогаш оние што ќе бидат парламентарно мнозинство, до истекот на својот мандат ќе можат тоа да го блокираат и никогаш да не се поведе, практично, еден вид на констатација и на истражување на состојбите, ако после нивното завршување тие го напуштат Парламентот. Ми се чини кога се работи, поготово за случај на криминал, корупција и т.н., не би смеело да има амнестирање и ослободување и од политичката одговорност, а другата одговорност ја установуваат правосудните органи.

Така што на крајот на краиштата се работи, сепак за политички луѓе од политиката или политички фактори, кои се на некој начин се уште присутни на политичката сцена, дали во кругот «а опозицијата, дали во кругот на други политички партии, кои што се надвор од Парламентот и т.н. Така што, логично би било да може да се покренуваат и после истекот на мандатот. А инаку, за луѓето за кои што зборуваме имаат можност да си го кажат своето мислење и својата одбрана, така што мислам дека нема да им биде оневозможено тоа во една нормална постапка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, мислам дека расправата е завршена во однос на репликите.

Јас мислам уште еден дискутант да имаме, а после тоа да прекинеме.

(Мнозинството на пратеници се за прекин на седницата).

Тогаш да прекинеме.

Бидејќи е веќе 19,00 часот, ќе ве молам имаме еден нов начин на проверка на присутните.

Ќе ги молам сите пратеници кои што во овој момент се надвор да влезат внатре, затоа што ќе извршиме една проверка на присутните.

Знаете дека треба да се одработи дневницата и таа дневница треба да ја видиме.

Затоа, ги молам пратениците, прво да влезат во салата.

Второ, ги молам службите да проверат и да ги извлечат картиците на тие што не се на своите места, а на другите што се на своите места ќе ве молам, понатаму ќе притиснат и ќе видиме електронски дали се присутни.

Картиците на тие што не се присутни, ве молам извлечете ги.

Почитувани пратеници, седете уште две минути, ќе ве молам, имам најава и оправдано господинот Александар Флоровски и господинот Благоја Стојковски од оправдани причини не

можеа до крај да останат.

Според тоа, на нив ќе им бидат исплатени дневниците, а за другите ќе видиме.

Утре продолжуваме во 11,00 часот.

Ве молам тие што се присутни нека ги притиснат копчињата, за да видиме кои се присутни.

Молам, вклучете го гласањето.

Присутни беа 89 пратеници, а вкупно беа 81 пратеник.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот).